Библиски лекции

# Избавување

Година 95. Број 2
**Април - Јуни 2019**

# СОДРЖИНА


1. Ветениот Избавител 5
2. Избавување од гревот 10
3. Избавување од Египет 15
4. Избавување од египетската наука 20
5. Избавување од смрт 26
6. Избавување преку воскресение 31
7. Служба за избавување 36
8. Спасување на нашиот ближен 41
9. Избавување од болести 47
10. Избавување од нашите непријатели 52
11. Бог го избавува својот народ 57
12. Избавување од уништување 62
13. Дома со нашиот Избавител 67


„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби“. - Воспитување 251.252.


Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA
За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk
Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).
Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година XCV Број 2


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, заснована само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

# Предговор

Кога Адам и Ева погрешиле, Бог не ги оставил без надеж. Наместо тоа, Тој им обезбедил откуп. Го дал својот единороден Син да умре наместо нив, со тоа овозможувајќи им вечно избавување на сите оние кои ќе го прифатат бесплатниот дар на благодатта.

„Сатаната го гризнал Христа за петата, но Христос нему му застанал на главата. Со својата смрт Спасителот 'го уништил оној кој има власт над смртта.' Со самиот чин на распнување, во обид да го дофати својот плен, смртта била победена со смртта на распнатиот Спасител. Со посредство на Евангелието, Христос ја донел светлината на животот и бесмртноста." – *Коментари на библиски текстови, 796.*

„Сите небесни сили биле вклучени во големото дело на подигање, прочистување и посветување на човечката душа. Божествената сила се покажува со цел да го спаси, а не да го уништи делото на Божјите раце. Сите тие совршени орудија се ангажирани да ги спасат луѓето од сатанската војска, од ропството на гревот, и да ги наведат да се вклучат во делото на спасението." – *The Bible Echo, March 8, 1897.*

„Бог сака да се ослободиме од гревот денес, а потоа да им помогнеме и на другите да го најдат ова избавување. Додека ја проучуваме лекцијата за ова тримесечје ќе видиме некои од практичните начини за избавување на другите, како што правел Исус додека чекорел на оваа земја. Во Христовата служба треба да забележиме дека 'Неговата волја е активно користена за спасение на човечките души, но Тој чекал, живеел и работел заедно со Бога. Во сè Тој делувал во совршена хармонија со Отецот.'" – *The Signs of the Times, December 20, 1899.*

Денес додека ги гледаме доказите за близината на Исусовото доаѓање, со судири и немири на секој чекор, да се радуваме на конечното избавување на Божјиот народ. Да се охрабриме од многуте ветувања запишани во Библијата и да го чекаме нашиот голем Избавител да нè однесе дома.

„Во Псалмите Давид зборува за Бога како за свое засолниште и силна тврдина, прибежиште кон кое можеме да побегнеме и да бидеме спасени. Колку е драгоцена мислата дека Бог е наше прибежиште и дека Тој ќе биде наш помошник во секое време и на секое место, дека во секоја неволја Бог е со нас. Тој вели дека ќе ги испрати своите ангели да нè чуваат на сите наши патишта...

„Кога Христос се ангажирал да се бори за човекот на оваа мала планета, Тој станал наш Заменик и Гарант, и Бог го ставил целото небо во Неговите раце, со сите предности и сили кои небото можело да си ги дозволи." – *Sermons and Talks, vol. 2, pp. 58, 59.*

Бог нека ни помогне да ја користиме оваа сила и на тој начин да најдеме избавување и за нас и за оние кои секој ден ги среќаваме.

*Оддел за саботна школа при Генералната конференција*

Сабота, 6. април 2019.

## Доброволен прилог во првата сабота За Образовниот центар на Генерална Конференција



„Како можат нашите браќа и сестри да продолжат да живеат во близина на мноштво луѓе кои никогаш не се предупредени, без да осмислат методи за вработување на сите оние орудија преку кои Господ може да работи за слава на Своето име?

Нашите водачи кои имаат големо искуство ќе ја разберат важноста на овие прашање и можат многу да придонесат за зголемување на бројот на работници во делото. Тие можат да создадат планови како да се допре до мнозина кои се ‘на патиштата и меѓу оградите’. Додека се залагаат смирено, истрајно и посветено да ги едуцираат членовите на црквата да се ангажираат во лична работа за душите во сите можни ситуации, успех ќе ја следи нивната работа.“ – *Евангелизам, 114.*

„Со зборовите кои доаѓаат од Бога, ние сме обучени да ги едуцираме, едуцираме, едуцираме младите мажи и жени да ги разберат живите Божји пророштва. Тоа знаење ќе им биде од најголема корист во нивната работа за Бога. Бог не сака преку поврзаноста со црквата умот да отапи, туку да го зајакне, воздигне, обогати, облагороди и оспособи за најсветото дело кое некогаш им било доверено на смртниците. – *The Review and Herald, March 22, 1898.*

Имајќи ги во предвид овие цели, на Образовниот центар на ГК му е потребна постојана финансиска поддршка за покривање на сите трошоци да се заврши зградата.

Образовниот центар на Генерална Конференција ќе обезбеди:

- Континуирана едукација за служителите на ГК, библиските работници и мисионерите во доктринарни, административни и духовни области.
- Онлајн едукација. Додека се одржуваат семинари во живо, сите важни состаноци ќе бидат снимени и ќе биде овозможено онлајн следење на истите на сите оние кои не се во можност лично да присуствуваат. Тоа те вклучува и тебе!
- Конференциски центар. Овој нов објект е наменет за одржување на регионални конференции – па дури и на состаноци на ГК.
- Молитвен дом, кој ќе биде светилник на Црквата.

Биди еден од оние кои ќе застанат на Господовата страна во обнова на Неговото царство, биди оној кој може да го чуе гласот на искрената и чесна душа која повикува: „Дојди кај мене и помогни ми...“

Со голема доверба во вашата великодушност да помогнете во овој проект, ние ви се заблагодаруваме и се молиме Бог обилно да ве благослови. Амин.

*Вашиот брат во Христа, Ливиу Тудороиу,*
*Одделот за Мисионство на Генералната Конференција*

# Ветениот Избавител

**„И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата.“ – Создавање 3:15.**

*„Во пророштвото дека моќта на сатаната ќе биде скршена сè насирало ветувањето за избавување од пропаста во која што западнале (Адам и Ева) со престапот на заповедта. И покрај тоа што ќе мораат да страдаат од силата на непријателот затоа што подлегнале на неговите измами наместо да ја послушаат јасната Господова заповед, тие сепак не треба да паднат во очајание.“ – Пророци и цареви, 681,682.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 63-70.*

Недела 31. март

## 1. ЖИВОТОТ ВО ЕДЕМ

### а. Каква била состојбата на човекот пред падот? Создавање 1:27.

„Додека не се појавил гревот, во умовите на нашите прародители немало ниеден облак кој би го замрачувал нивното сфаќање за Божјиот карактер. Тие биле совршено прилагодени на Божјата волја. Наместо плаштови, ги опкружувала прекрасна божествена светлина. Таа јасна и совршена светлина осветлувала сè околу нив.“ – *8. Сведоштво, 255.*

### б. Како природата го откривала Бога на човекот? Создавање 1:31; Римјаните 1:20.

„Во Едемската градина очевидно со покажало Божјото постоење, Неговите карактеристики се откривале во сè што ги опкружувало. Сето она на кое запирал нивниот поглед им зборувало. Невидливите факти за Божјото постоење, ‘Неговата вечна сила и божество’, јасно можеле да се видат и да се воочат во созданијата што Тој ги создал.“ – *8. Сведоштво, 255.*

## 2. ГРЕВОТ НОСИ ПРОМЕНИ

**а. Какво влијание имал гревот врз природниот свет? Создавање 3:17-19. Како тоа влијаело врз човековото разбирање на Божјиот карактер?**

„Но гревот задал на земјата смртоносен удар и се испречил помеѓу природата и Богот на природата. Ако Адам и Ева останале послушни на својот Творец, ако не скршнале од патеката на совршена исправност, тие и понатаму би го запознавале Бога низ Неговите дела. Но кога го послушале искушувачот и кога згрешиле против Бога, исчезнала светлината на небесната невиност со која биле обвиткани. Лишени од небесна светлина, тие повеќе не можеле да го препознаваат Божјиот карактер во делата на Неговите раце.

Заради човечката непослушност дошло до промени и во самата природа. Расипана под проклетството на гревот, природата може да даде само несовршено сведоштво за Творецот и не може совршено да го открива Неговиот карактер.“ – *8. Сведоштво, 255,256.*

**б. Каква промена се случила во човечката природа? Еремија 17:9; 1. Коринтјаните 2:14.**

„Нивната природа е толку изопачена со гревот, што поради тоа е намалена нивната сила со која би можеле да му се противстават на злото и дека на сатаната ќе му го отворат патот поуспешно да им пристапи. Додека биле невини, тие подлегнале во искушението; а сега, свесни за својата кривица, би имале мн*огу помалечка сила да се сочуваат.“ – Патријарси и пророци, 61.*

„Во човечката природа, кога се одвоила од Изворот на вистината, постои непрекинато противење на Божјата волја и патишта. Физичките, моралните и менталните сфери на создавањето се под контрола на импулсивните нагони. Чувствата се изопачени, и секоја способност со која човекот е надарен за остроумно напредување е унижена. Човекот е мртов поради своите престапи и гревови. Склоностите управуваат со него, страстите го држат под контрола, а неговите желби се под влијание на силите за кои тој не е свесен. Тој зборува за слобода, за слобода на дејствување, додека всушност се наоѓа во најбедно ропство. Тој не е свој. Не му е дозволено да ја увиди убавината на вистината; затоа што телесниот ум е во непријателство со Бога, и не е потчинет на Неговиот закон. Тој вистината ја гледа како лага, а лагата како вистина. Умот контролиран од сатаната има слаба морална моќ.“ – *The Review and Herald, February 17, 1891.*

## 3. БОГ СТАПУВА НА СЦЕНА

**а. Која мерка ја презел Бог со цел на грешниот пар да му обезбеди конечно избавување? Создавање 3:15.**

„На човекот првпат му е навестено спасение уште во градината кога во клетвата упатена на змијата е искажана пресуда над сатаната. Господ рекол: 'И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петата' (Создавање 3:15). Оваа пресуда, искажана во присуство на нашите прародители, за нив претставувала извесно ветување. Иако предвидувала судир и војна меѓу човекот и сатаната, навестила дека големиот непријател најпосле ќе биде скршен. Адам и Ева стоеле пред праведниот Судија како виновници, очекувајќи да ја слушнат пресудата што ја заслужиле со својот престап; но пред да дознаат за животот полн со маки и болки што ќе мора од сега да биде нивна судбина или за одлуката дека мора да се вратат во земјата од која се создадени, слушнале зборови што кај нив разбудиле надеж. Иако морале да страдаат од силата на својот моќен непријател, сепак можеле со надеж да гледаат во иднината, очекувајќи конечна победа." – *Патријарси и пророци, 65,66.*

„Ќе дојде Божјиот Син да плати за нивниот грев со Својата сопствена крв. На нив ќе им биде дадено време на милост, во кое, преку вера во Христовата моќ да спаси, тие повторно ќе можат да станат Божји деца." – *Пророци и цареви, 682.*

„Тоа непријателство никогаш не се развило до таков значителен степен како кога Христос станал жител на оваа земја. Никогаш порано на земјата не постоело суштество кое толку длабоко го мразело гревот како Христос. Тој ја видел неговата измамничка, влијателна сила врз светите ангели, и сите Негови сили биле посветени на борба против гревот." – *Selected Messages, bk. 1, p. 254*.

**б. Која природна состојба на човекот после падот, ветувањето за непријателство го направило неопходно? Псалм 10:4; Римјаните 3:11. Наместо непријателство кон сатаната, со кого природниот ум е во војна? Римјаните 8:7.**

„Кога човекот го престапил Божјиот закон, неговата природа станала зла и тој оттогаш е во согласност, а не во непријателство со сатаната. По природа помеѓу грешниот човек и зачетникот на гревот не постои никакво непријателство. Преку отпадништво злото им станало заедничка особина... Кога Бог не би се вмешал на посебен начин, сатаната и луѓето би склучиле сојуз против небото и наместо да негува непријателство кон сатаната, целиот човечки род би се придружил во опозиција на Бога." – *Големата борба, 505.*

# 4. ЌЕ ДОЈДЕ ИСКУПИТЕЛ

**а. Каква величествена жртва поднел Исус за да го спаси паднатиот човек? Филипјаните 2:5-8.**

„Штом се појавил гревот, се појавил и Спасител. Христос знаел дека ќе мора да страда, но сепак станал замена за човекот. Штом Адам згрешил, Синот Божји се претставил како Гарант за паднатиот човечки род, со иста таква сила за да ја спречи пресудата изречена над виновниците како и кога го дал Својот живот на крстот на Голгота.“ – *Коментари на библиски текстови, 16.*

„Штом човекот попуштил на искушението на сатаната, и го направил она што Бог рекол да не го прави, Христос, Синот Божји, се поставил помеѓу живите и мртвите, велејќи: ‘Казната нека падне на Мене. Јас се ставам на местото на човекот, за нему да му се пружи уште една шанса.’“ – *Коментари на библиски текстови, 17.*

**б. Како Бог се обидел во човечкиот ум да ги втисне последиците од гревот и жртвата на Спасителот? Евреите 9:13,14; Римјаните 6:23.**

„За Адама принесувањето на првата жртва било исклучително болна и мачна церемонија. Морал да ја подигне својата рака за да одземе живот кој само Бог можел да го подари. Тогаш првпат видел смрт, а знаел дека ниту човекот ниту животното не би морале да умрат кога тој би му останал послушен на Бога. Кога го заклал невиното животно на жртва, затреперил при помислата дека поради неговиот грев мора да се пролее крвта на пречистото и невино Божјо Јагне. Таа сцена му помогнала подлабоко и поживо да ја сфати големината на својот престап што можел да биде отстранет само со страдањето и со смртта на саканиот Божји Син. И тој се восхитувал на неизмерната Добрина што можела да даде таков откуп за спасение на грешникот. Заблескала ѕвезда на надеж којашто ја осветлила темната и страшна иднина и го спасила од целосен очај.“ – *Патријарси и пророци, 68.*

„Жртвениот систем требало да го научи човекот на понизност, така што, гледајќи на својата грешна состојба, да се покае и да се потпре единствено на Бога и на тој начин, благодарение на ветениот Откупител да добие простување за своите извршени престапи на Божјиот закон.“ – *The Story of Redemption, pp. 145, 146.*

**в. Наведете некои од оние кои пророкувале за доаѓањето на Спасителот. Јуда 14:15; Создавање 49:8-10; Броеви 24:17.**

## 5. ИСПОЛНУВАЊЕТО ДОЦНИ?

**a. Какви можеле да бидат мислите на повеќето во врска со ветениот Спасител? Езекиел 12:22.**

„Доаѓањето на Спасителот било претскажано уште во Едем. Кога првпат го слушнале тоа ветување, Адам и Ева очекувале дека тоа брзо ќе се исполни. Тие радосно го поздравиле раѓањето на својот прв син, надевајќи се дека тој би можел да биде Избавителот. Меѓутоа, исполнувањето на ветувањето се оддолжило. Оние, кои први го примиле ова ветување умреле, без да го видат неговото исполнување. Почнувајќи од деновите на Енох, ова ветување го повторувале патријарсите и пророците, со што се одржувала надежта во Неговото доаѓање, но сепак, Тој сè уште не доаѓал.“ – *Копнежот на вековите 31.*

**a. Каков бил Божјиот одговор? Галатјаните 4:4. Дали навистина имало одложување во исполнувањето на Божјата намера?**

„Меѓутоа, како што ѕвездите се движат по одредени циркуларни патеки низ бескрајните пространства, Божјите намери не познаваат брзање ниту задоцнување... ‘Во истиот ден’ кој е одреден во божественото ветување, ‘излезе сета Господова војска од египетската земја.’ (Излез 12:41) Исто така, во Небесниот совет бил одреден часот на Христовото доаѓање. Кога големиот часовник на времето го покажал тој час, Исус се родил во Витлеем.

‘Кога наврши времето, Бог го испрати Својот Син.’ Провидението управувало со движењето на народите и со плимата на човечките побуди и влијанија, сè додека светот не созреал за доаѓање на Спасителот.“ – *Копнежот на вековите 32.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Пред да падне, како човекот можел да го разбере Божјиот карактер?**
2. **Како последица на гревот, како се променила човечката природа?**
3. **Зошто Бог всадил непријателство во човекот? Каде ние би биле без Него?**
4. **Зошто Бог на Адам му го дал жртвениот систем?**
5. **Дали имало доцнење во доаѓањето на Спасителот? Зошто да или зошто не?**

# Избавување од гревот

**„Да Му благодариме на Бога, Кој ни дарува победа преку нашиот Господ Исус Христос.“ – 1. Коринтјаните 15:57.**

*„Зборот кој ја открива вината има и сила која делува на човечкото срце, која го чисти и го чува.“ – Testimonies to Ministers, pp. 80, 81.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патот кон Христа, 23-35.*

Недела 7. април

## 1. ВЛИЈАНИЕТО НА ГРЕВОТ

**а. Што е грев и која е неговата директна последица? 1. Јованово 3:4; Јаков 1:15.**

„Не би постоел никаков раздор ниту на небото ниту на земјата доколку гревот не влегол на оваа планета. Непослушноста кон Божјиот закон ја донела целата беда која постои меѓу Неговите созданија.“ – *The Sanctified Life, p. 76.*

„Секој жител на оваа земја кој го крши законот на Јехова и продолжува да живее во престап, неизбежно го чека смрт.“ – *Коментари на библиските текстови, 734.*

**б. Кое големо начело од законот ни недостасува кога грешиме? 1. Јованово 4:7,8.**

„Покајанието ни е потребно поради недостаток на љубов кон Бога. Не Го сакаме со целото срце, со целата душа, со неподелени чувства; не ја почитуваме втората заповед: ‘Сакај го својот ближен како самиот себе си.’“ – *The Present Truth, January 26, 1893.*

„Господ повеќе гледа со колку љубов сме работеле, а не колку сме сработиле. Љубовта е небесна особина. Таквата љубов не може да произлезе од непрепородено срце. Билката со небесно потекло може да расте и да напредува само таму каде што врховната власт ја има Христос... Љубовта прави само добро и ништо друго. Оние кои имаат љубов во своето срце донесуваат плодови на светоста, и на крајот ќе наследат вечен живот.“ – *Коментари на библиските текстови, 862.*

## 2. ВО РОПСТВОТО НА ГРЕВОТ

**а. Каква страшна моќ гревот денес има над човечкиот род? Изреки 5:22; Римјаните 7:14-23.**

„Дури и само една мана во карактерот, само една грешна желба, ако упорно се негува, на крајот ќе го поништи сето влијание на евангелието. Секое попуштање на гревот ја засилува одбивноста на душата кон Бога.“ – *Патот кон Христа, 34.*

**б. Од кое ропство Христос сака да нè избави, и во каква слобода сме повикани? Римјаните 8:21; 2. Петрово 2:19. Како Христос го прави тоа? Јован 8:31,32.**

„(Сатаната) ги заробува луѓето, принудувајќи ги да ја извршуваат неговата волја; тој ги држи во најтешко ропство, со цел да ги исполни своите намери. Господ го дал својот единороден и сакан Син за човекот, за да го раскине ова ропство. Со Христовата сила сите заробеници на сатаната можат да станат слободни.“ – *The Signs of the Times, January 5, 1891.*

„Вистината никогаш не ја води душата во ропство, туку тоа го прави свртувањето од вистината кон заблудата. Човекот кој е во блиска заедница со Христа слободен е од секакво ропство на гревот.“ - *The Signs of the Times, August 22, 1900.*

**в. Кој повик Христос ни го упатува на сите нас? Евреите 3:7,8; Исус Навин 24:15.**

„Во големата борба помеѓу доброто и злото, секој од нас мора да избере на која страна ќе застане, а нашиот живот и карактерот ќе сведочат за тоа кој е наш господар. Ако одбиеме да бидеме послушни на Божјиот закон, ние ќе се соединиме со сатаната, и во нашето срце и во животот нема да постојат љубов и почитување кон Бога.“ – *The Signs of the Times, January 5, 1891.*

„Христос е подготвен да нè ослободи од гревот, но на тоа не нè присилува; и ако нашата волја со постојаното престапување е наполно потчинета на злото и ако ние не сакаме да се ослободиме, ако не сакаме да ја прифатиме Неговата благодат, тогаш што би можел Тој уште да стори? Ние самите себеси сме се упропастиле со нашето намерно отфрлање на Неговата љубов.“ – *Патот кон Христа,34.*

## 3. ИЗБАВУВАЊЕ ЗА ЦЕЛИОТ ЧОВЕЧКИ РОД

**а. Како знаеме дека Бог сака сите да ги избави од гревот? 1.Тимотеј 2:3,4; Јован 1:12.**

„(Христос) не дошол да ги спаси луѓето во грев, туку од гревот. Сите кои чувствуваат потреба за Спасител, и сите оние кои ќе дојдат кај Него верувајќи во Неговата сила, ќе извојуваат победа над гревот. ‘А на сите што Го примија им даде моќ да станат чеда Божји.’“ – *The Signs of the Times, February 24, 1898.*

**б. На кој начин Бог овозможил избавување на целото човештво? 1. Јованово 4:14; Јован 3:16. Кога Тој го обезбедил ова избавување? Евреите 2:14,15; Римјаните 5:8.**

„Во претсмртниот извик на Спасителот: ‘Се сврши’, на сатаната му одѕвонило претсмртното ѕвоно. Големата борба која се води толку долго, тогаш дефинитивно била одлучена, и конечното истребување на злото станало сосема извесно. Божјиот Син поминал низ гробната врата, ‘та преку смртта да го победи оној, што ја има власта над смрта, односно ѓаволот’ (Евреите 2:14).“ – *Големата борба, 503.*

„Христос не умрел со цел гревот да стане праведност, а престапот на законот доблест. Тој умрел за да може гревот да се препознае како исклучително срамен и одвратен, каков што и всушност е. Со својата смрт Тој станал сопственик на клучевите од пеколот и смртта. Сатаната не можел повеќе да владее без соперник, да биде почитуван како божество. Во негова чест биле подигани храмови, човечки жртви биле принесувани на неговите олтари. Меѓутоа, со крвта на Божјиот Син потпишани се документи за ослободување на човечкиот род. Отворен е патот пораката на надеж и милост да се пренесе до сите краеви на светот.“ – *Youth Instructor, June 28, 1900.*

**в. Имајќи го во предвид избавувањето кое Бог ни го овозможил, која порака треба да ја пренесуваме во светот? 2. Коринтјаните 5:18-21.**

„Како што Бог го направил Христа свој гласник, така и Христос на сите оние кои Го признаваат за свој Искупител им оставил задача да Го прикажат пред светот во милост, простување и помилување.“ – *Manuscript Releases, vol. 16, p. 193.*

## 4. ИЗБАВУВАЊЕ ОД ВИНАТА ЗА ГРЕВОТ

**а. Како единствено можеме да ја избегнеме вината за гревот? Јован 1:29.**

„Христос ја презема вината за гревот од грешникот, ставајќи се самиот себе под осуда на Законодавецот. Тој дошол на овој свет да живее според законот во човечка природа, за да се покаже како лажно тврдењето на сатаната дека човечките битија не можат да го држат Божјиот закон.“ – *The Signs of the Times, April 7, 1898.*

**б. Кој ја носи вината за нашиот грев наместо нас, и како? Исаија 53:4-6,12.**

„(Ние) можеме да се ослободиме од вината за гревот, од осудата на законот, од казната за престапот, само врз основа на страдањето, смртта и воскресението Христово.“ – Selected Messages, bk. 1, p. 389.

„Вината на сите гревови со сета тежина ја притискала божествената душа на Искупителот на светот. Злите мисли, злите зборови, злите дела на сите синови и ќерки Адамови, повикувале на одмазда против Него, бидејќи Тој станал човеков Заменик. Иако вината за гревот не била Негова, Неговиот дух бил растргнат и мачен од престапите на луѓето; Оној кој не знаел за грев станал грев поради нас, за ние да можеме да бидеме праведни пред Бога преку Него.“ – *God’s Amazing Grace, p. 172.*

„Вината на гревот која го навлекла гневот на Отецот на Него, како човеков Заменик, го скршила срцето на Божјиот Син.“ – *The Present Truth, February 4, 1886.*

**в. Во која мера Бог ја чисти душата од грев? 1. Јованово 1:9; Псалм 103:12.**

„Додека ја сфаќаме и увидуваме вината на гревот, треба да ја цениме Божјата милост понудена преку помирувањето. Господ ветил дека, доколку се покаеме, благодарение на жртвата на помирување сигурно ќе ги прости нашите беззаконија. Сега, додека Христос се залага за нас, додека Отецот ги прифаќа заслугите на жртвата на помирување, ќе бараме, и ќе добиеме. Сите нека ги исповедаат своите гревови, и нека ги пуштат да одат пред нив на суд, како, благодарение на Христа, би биле простени, за да биде напишано помилување покрај нивните имиња.“ – *Manuscript Releases, vol. 3, pp. 197, 198.*

## 5. ИЗБАВУВАЊЕ ОД СИЛАТА НА ГРЕВОТ

**а. Која изобилна мерка е преземена за да нè избави од силата на гревот? Римјаните 5:20 (последен дел); Јуда 24,25.**

„Бог има обилни благослови и сила и чека да ги побараме. Меѓутоа, причината зошто ние не ја чувствуваме нашата голема потреба е во тоа што гледаме на себе, а не на Исуса. Ние не го возвишуваме Исуса, ниту пак се потпираме целосно на Неговите заслуги...

„Обилен благослов ни е осигурен така што секоја верна душа може да се ослободи од гревот, бидејќи целото небо со сите свои неограничени ресурси ни е ставено на располагање... Сами по себе, ние сме грешници, но во Христа стануваме праведни... Христос делува против силите на гревот, и таму каде што преовладувал гревот, благословот уште повеќе изобилува.“ – *God’s Amazing Grace, p. 181.*

**б. Што можеме да научиме од ставот на цариникот кој се молел во храмот? Лука 18:13,14. Што може Бог да направи за оние кои имаат таков став? Галатјаните 2:16,17.**

„Презрениот цариник... се сметал себеси за многу злобен човек, а и другите го гледале во иста светлина; но тој ја почувствувал својата потреба и со својот товар на вина и срам дошол пред Бога барајќи милост од Него. Неговото срце било отворено пред милостивото влијание на Божјиот Дух да го ослободи од силата на гревот. Фаленичката самоправедна молитва на фарисејот покажала дека неговото срце е затворено за влијанието на Светиот Дух... Не чувствувал никаква потреба и ништо не добил.“ – *Патот кон Христа, 30,31.*

„Цариникот кој влегол во храмот да се помоли на Бога претставува добар пример на искрен и побожен молител.“ – *My Life Today, p. 19.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Од каде знаеме дека таму каде што има грев, нема љубов?**
2. **Што ја доведува душата во ропството на гревот?**
3. **На кого Исус му дава победа над гревот?**
4. **Како Исус нè избавил од вината за гревот?**
5. **Како може Божјиот Дух да нè ослободи од силата на гревот?**

# Избавување од Египет

**„Со вера тој го напушти Египет не плашејќи се од царскиот гнев, зашто веруваше во Оној Кој не се гледаше, како да Го гледа.“ – Евреите 11:27.**

*„Евреите очекувале дека ќе бидат ослободени од ропството без некои особени страдања или искушувања на нивната вера. Многумина од нив биле подготвени да го напуштат Египет, но не сите. Навиките на некои од нив станале толку слични на навиките на Египќаните така што помило им било да останат со нив.“ – Spiritual Gifts, vol. 3, p. 196.*

*„Задачата на Мојсеј би била многу полесна доколку некои од Евреите не се изопачиле, не сакајќи да го напуштат Египет. – Spiritual Gifts, vol. 3, p. 202.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 247-251, 273-280.*

Недела 14. април

## 1. ЈОСИФОВОТО ПРОРОШТВО

**а. Што пророкувал Јосиф пред својата смрт за своите браќа? Каква заклетва барал од нив? Создавање 50:25,26.**

„Последните два цара кои седеле на египетскиот престол применувале тирански мерки и сурово се однесувале кон Евреите. Израелските старешини се труделе да ја подигнат ослабената вера на Израелците, повикувајќи се на ветувањето кое му е дадено на Аврам, и на пророчките зборови кои ги изговорил Јосиф непосредно пред својата смрт, претскажувајќи го нивното избавување од Египет.“ – *The Story of Redemption, p. 113.*

**б. Како се исполнило ова пророштво? Излез 13:18,19.**

„При напуштањето на Египет, Израелците не ги заборавиле коските на Јосифа кои, како драгоцено завештание толку долго чекале да се исполни Божјото ветување, и за време на мрачните години на израелското робување го потсетувале народот на ослободувањето.“ – *Патријарси и пророци, 282.*

## 2. БОЖЈИОТ МЕТОД НА ИЗБАВУВАЊЕ

**а. Што се случило кога Мојсеј се обидел со своја сила да ги избави Израелците од Египет? Излез 2:11-15. Зошто Бог го дозволил ова?**

„Решавајќи да го убие Египќанецот, Мојсеј паднал во истата заблуда во која толку често запаѓале и неговите предци го презел во свои раце она што, според ветувањето, требало Бог да го стори. Не била Божја волја неговиот народ да се ослободува со војна, како што замислувал Мојсеј, туку со Божја сила, така што славата да му припадне единствено нему. Па сепак, и таа предвремена постапка Бог ја искористил за да ја оствари својата намера. Мојсеј уште не бил приготвен за големото дело што го очекувало. И тој требало уште да ја учи лекцијата на верата што во свое време морале да ја учат и Аврам и Јаков за исполнувањето на Божјите ветувања да не се потпира врз човечка сила и мудрост, туку само врз Божјата сила.“ – *Патријарси и пророци, 247.*

**б. Кога Мојсеј се вратил заедно со Арон во Египет, тие прво ги собрале израелските старешини да им го откријат Божјиот план за избавување на Израелците од Египет. Каква била реакцијата на старешините? Излез 4:29-31.**

**в. Откако нивните товари се зголемиле, и не гледајќи знаци на избавување, каков бил ставот на израелските деца? Излез 5:19-21; 6:9. Зошто Бог го одложил нивното избавување?**

„Евреите очекувале да бидат ослободени без никакво посебно испитување на нивната вера или без какви и да е страдања и тешкотии. Но тие уште не биле подготвени за ослободување. Нивната вера во Бога била слаба и тие не биле готови стрпливо да ги поднесуваат своите неволји сè додека Бог не види дека се оспособиле за делото што ги очекува. Мнозина од нив побргу би се согласиле да останат во ропство, отколку да се изложат на тешкотиите поврзани со преселбата во една непозната земја; а и обичаите на многу Израелци веќе биле толку слични на обичаите на Египќаните, што повеќе сакале да останат во Египет. Затоа Господ не ги ослободил веднаш кога првпат ја покажал својата сила пред фараонот. Тој така ги водел настаните, за египетскиот цар да може во целост да го покаже својот тирански дух, а самиот Тој поцелосно да му се открие на својот народ. Кога ќе ја видат неговата правда, неговата моќ и љубов, тогаш ќе решат да го напуштат Египет и да и се посветат на неговата служба.“ – *Патријарси и пророци, 260.*

## 3. СПОМЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО

### а. Какво било значењето на Пасхата? Излез 12:21-27.

„Празнувањето на Пасха почнало со раѓањето на еврејската нација. Последната ноќ од нивното ропство во Египет, кога изгледало дека нема никаков знак дека ослободувањето е на повидок, Бог им наредил да се подготват за непосредно ослободување. Тој го предупредил фараонот за конечната казна, која ќе се излее на Египќаните и им наредил на сите Евреи да ги соберат семејствата во своите домови. Откако ги испрскале довратниците со крвта на закланото јагне, истото требало да го изедат, печено, со пресен леб и горчливи Билки. 'А јадете го вака', рекол Тој, 'опашани, со обувки на нозете и со стап во раката. Јадете го набрзина; тоа е Господова Пасха.' (Излез 12:11) На полноќ биле погубени сите првенци на Египќаните. Тогаш царот му испратил порака на Израел: 'Станете и одете си од мојот народ... Одете! Послужете му на Господа, како што велевте.' (Излез 12:31) Евреите излегле од Египет како независна нација. Господ наредил Пасха да се празнува секоја година. 'И ќе дојде време,' рекол Тој, „кога ќе ве прашаат вашите деца: 'Што ви значи овој обред?' одговорете им: 'Ова е пасхална жртва во чест на Господа, Кој ги заобиколи куќите на Израелците, кога ги убиваше Египќаните.' Така од поколение во поколение требало да се повторува историјата за чудесното избавување." – *Копнежот на вековите, 76,77.*

### б. На што Пасхата требало да ги потсетува? Излез 13:3,9,10.

„Кога ги ослободил од Египет, Бог настојувал да им ја открие својата моќ и милост за да ги одоброволи да го љубат и да имаат доверба во него. Ги довел до бреговите на Црвеното Море каде што не било можно да побегнат од Египќаните кои им биле зад петиците за да сфатат колку се беспомошни и колку им е неопходна божествената помош. А тогаш се погрижил да ги ослободи од Египќаните кои ги гонеле. Така биле исполнети со љубов и со благодарност кон Бога и се здобиле со доверба во неговата моќ која им помагала. Тој ги врзал за себе како Ослободител од поминливото (египетско) ропство." – *Патријарси и пророци, 371.*

„Бог планирал со откривањето на Својата моќ да ја зајакне верата кај Својот народ, така што и нивното потомство истрајно да го слави само Оној кој направил такви милостиви чуда за нив." – *The Story of Redemption, p. 115.*

## 4. ИСУС, НАША ПАСХА

**а. Што го привлекло вниманието на Исус, кога како дванаесетгодишно момче го посетил храмот? Лука 2:41,42,46,47. Што тогаш сфатил?**

„Исус за првпат го набљудувал храмот. Видел како свештениците во бели облеки ја вршат својата свечена служба. Ја видел со крв облеаната жртва на олтарот. Тој се наведнал во молитва со останатите поклоници, додека мирисот на темјан се издигнувал кон Бога. Тој бил сведок на импресивните церемонии на пасхалната служба. Од ден на ден сè појасно ја сфаќал нивната смисла. Изгледало дека секој чин е поврзан со Неговиот живот. Во Него се буделе нови стремежи. Тивок и замислен, изгледало дека проучува некој голем проблем. Пред Спасителот се отворала тајната на Неговата мисија.“ – *Копнежот на вековите, 78.*

**б. На кој начин Исусовата жртва е поврзана со Пасхата? 1. Коринтјаните 5:7; Исаија 53:7; Јован 1:29.**

„Пасхата потсетувала на избавувањето на израелските деца во минатото, но исто така била и симболична, укажувајќи однапред на Христа, Божјото Јагне, заклано за откуп на паднатиот човек. Крвта која била прскана по вратата бил претслика на Христовата искупувачка крв, како и на постојаната зависност на грешниот човек на заслугите на таа крв заради сигурност од силите на сатаната, и за конечно откупување... Пасхата била празнувана во чест на избавувањето на израелските деца од Египет. Типот го нашол исполнувањето во антитипот кога Христос, Јагнето Божјо без мана, умрел на крстот.“ – *The Spirit of Prophecy, vol.1, p. 201.*

„Четиринаесеттиот ден тој месец навечер празнувана е Пасха, чијашто свечена и убедлива церемонија го овековечила споменот на ослободувањето од ропство во Египет и однапред укажувала на жртвата што требало да ги ослободи од робувањето на гревот. Кога Спасителот го жртвувал својот живот на Голгота, значењето на Пасха се загубило, а воведен е обредот Вечера Господова како спомен на истиот оној настан на кој симболично укажувала Пасха.“ – *Патријарси и пророци, 539.*

„Мојсеј бил претслика на Христа, кој ќе дојде да ја скрши власта на гревот над човечкиот род и да ги избави оние кои биле робови на неговата сила.“ – *The Signs of the Times, November 6, 1884.*

Четврток 18. април

## 5. ЗНАКОТ НА НАШЕТО ИЗБАВУВАЊЕ ДЕНЕС

**а. На што саботата ги потсетувала децата на Израел? Повторени закони 5:15.**

---

**б. На кој начин саботата е исто така знак на ослободување од гревот? Излез 31:13; Езекиел 20:12.**

---

„Како што саботата била знак според кој се распознавале Израелците кога излегле од Египет за да влезат во небесниот Ханан, така таа и е денес знак по кој се распознава Божјиот народ кој излегува од овој свет за да влезе во небесната почивка. Саботата е знак на сродство кое постои помеѓу Бога и Неговиот народ, знак дека тој народ го почитува Неговиот закон. Таа прави разлика помеѓу Неговите верни поданици и престапниците...

Саботата која му е дадена на светот како знак на Бога во својство на Творец, исто така е дадена и како Негов знак во својство на Посветител. Силата која создала сè е истата сила која повторно ја создава душата според Неговиот лик. Саботата е знак на посветеност за оние што ја празнуваат. Вистинската посветеност значи хармонија со Бога, единство со Него по карактерот. Тоа се постигнува по пат на потчинување на оние начела кои се препис на Неговиот карактер. Саботата е знак на послушност. Оној кој од срце се покорува на четвртата заповед ќе се покорува на целиот закон. Тој е посветен преку послушност.“ – *6. Сведоштво, 349,350.*

Петок 19. април

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Каква надеж Јосиф им дал на Израелците во поглед на нивното идно избавување од Египет?**
2. **На кој начин Мојсеј покажал недоверба во Божјиот план за избавување на израелците? Како и ние можеме да го направиме истото?**
3. **Зошто службата во чест на избавувањето од Египет била наречена Пасха?**
4. **На кој иден настан симболизирала Пасхата? Какво избавување ќе биде постигнато?**
5. **На какво избавување симболизира саботата? На кој начин?**

# Избавување од египетската наука

**„Не одете по патот на незнабошците.“ – Еремија 10:2.**

*„Апелирам до родителите да им обезбедат на своите деца место каде нема да бидат хипнотизирани со лажно образование. Нивната единствена сигурност се наоѓа во Христовото учење. Тој е големата средишна Светлина на светот. Сите други светлини, сите други мудрости, претставуваат лудост.“ – The Review and Herald, August 17, 1897.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Воспитување, 45-50;*
*Темели на среќниот дом, 181-190.*

Недела 21. април

## 1. ИНФЕРИОРНОСТА НА ЕГИПЕТСКАТА МУДРОСТ

**а. Како мудроста на Соломон е споредена со онаа на Египет? 1. Цареви 4:30.**

„Постои образование кое во својата суштина е светско. Целта на таквата наука е успех во овој свет, задоволување на себичните амбиции. За да стекнат таков вид на образование, многу студенти трошат време и пари, и својот ум го оптоваруваат со многу непотребни знаења. Светот таквите ги смета за образовани, но Бог не е во нивните мисли.“ – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 64.*

**б. Според Соломон, која е основата на вистинската мудрост? Изреки 9:10; 8:13; 15:33.**

„Големиот животен закон се состои од изградување на карактерот, а сознанието за Бога е основа на секое вистинско воспитување.“ – *Патријарси и пророци, 596.*

„Вистинското познавање на вистинската побожност што се наоѓа во секојдневната посветеност осигурува најдобар развој на телото, умот и душата. Со посветување на своите сили на Бога се чуваме од самовоздигнување. Давањето на божествена сила претставува признание и го наградува нашиот искрен копнеж за мудроста која ќе нè оспособи своите најдобри способности да ги искористиме на Божја слава и за доброто на своите ближни.“ – *8. Сведоштво, 63.*

## 2. МОЈСЕЈ ГО НАПУШТА ЕГИПЕТ

**а. Колку обемна била обуката на Мојсеј, со оглед на тоа дека Египет бил најцивилизираната нација во своето време? Дела 7:22.**

„Во египетските школи Мојсеј стекнал највисоко граѓанско и војничко образование. Надарен со голема лична привлечност, благородна појава и став, префинет дух и кнежевско однесување, и славен како војсководец, тој станал гордост на нацијата. Египетскиот цар бил припадник на сталежот на свештеници; и Мојсеј, иако одбивал да учествува во безбожните богослуженија, бил упатен во сите тајни на египетската религија.“ – *Воспитување, 62.*

**б. Кога морал да избере помеѓу световните почести и службата на Бога, што избрал Мојсеј? Зошто? Евреите 11:24-27.**

**в. Што било неопходно со цел Мојсеј да се одучи од негативните влијанија на неговото египетското образование? Излез 3:1 (прв дел).**

„Во Медијанската дивина, Мојсеј поминал четириесет години од својот живот како чувар на овци. Иако изгледало дека засекогаш е одвоен од својата животна мисија, тој всушност добивал воспитување неопходно за нејзино исполнување. Мудроста за управување со неукото и недисциплинирано мноштво мора да се стекне со совладување на самиот себе...

Влијанијата кои го опкружувале во Египет, наклонетоста на мајката која го посвоила, неговата положба како кралски внук, раскошот и пороците кои мамеле на десет илјади начини, префинетоста, мудрувањето и мистицизмот на лажната религија, сето тоа оставило трага на неговиот ум и на карактерот. Во строгата едноставност на пустината сето тоа исчезнало.“ – *Воспитување, 62,63.*

„Многумина, како и Мојсеј, мора да забораваат многу од она што претходно го научиле за да стекнат знаење за она што навистина им е потребно. Мојсеј сам морал да се изложи на најстрога умствена и морална дисциплина, а Бог работел со него за да го подготви да ги поучува другите.“ – *This Day with God, p. 321.*

„Знаењето кое го стекнал во египетските школи не го оспособило Мојсеј да ги победи своите непријатели, туку постојаната, непоколеблива вера, вера која не попуштила ниту во најтешките околности.“ – *The Signs of the Times, July 12, 1905.*

## 3. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЕГИПЕТСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**а. Кој совет треба да го послушаме додека ги воспитуваме нашите деца? Еремија 10:2; Изреки 19:27.**

„Кога ќе се одврати од Божјата реч и ќе почне да се храни со списи на неинспирирани луѓе, умот заостанува во развојот, зашто го губи допирот со длабоките и сеопфатните начела на вечната вистина. Настанува застој бидејќи се ограничува на постигнатото и поминливото; неговата сила се намалува и по извесно време се спречува.

Сето тоа спаѓа во рамките на погрешното воспитување. Секој учител мора да настојува умот на младите да го насочи кон големите вистини на вдахновената Реч. Тоа воспитување е суштествено и за овој живот и за животот што доаѓа.“ – *Христовите очигледни поуки, 41,42.*

**б. Која е Божјата намера за нас, исто како што била и за стариот Израел? Повторени закони 14:2. Што ние, како и Израел, посакуваме наместо тоа? 1. Самоилова 8:5.**

„Дисциплината и воспитувањето кое Бог им го одредил на израелците, требало да направат тие да се разликуваат од останатите народи по целокупниот начин на живот. Таа исклучителност која требало да ја сметаат за посебна предност и благослов, не им била мила. Едноставноста и воздржаноста, кои се важни за највисок степен на развој, тежнееле да ги заменат со сјајот и раскошот на безбожните народи. Да бидат ‘како што е кај сите народи’ (1.Самоилова 8:5), била нивната амбиција. Божјиот план за воспитување бил отфрлен, а Неговиот авторитет бил одбиен.“ – *Воспитување, 49,50.*

**в. Од какви опасности треба да се чуваме? Јован 12:43. Дали може Христос да престојува во поделено срце? Матеј 6:24.**

„(Божјиот) план за оние чии способности ги откупил, не е тие да бидат обучувани да му служат на мамона, да примаат човечка пофалба, човечки почести, или да му се покоруваат на светот.“ *Fundamentals of Christian Education, p. 470.*

„Не можеме половично да му припаѓаме на Господа, а половично на светот. Ние не сме Божји деца ако не сме тоа во целост.“ – *Патот кон Христа, 44.*

## 4. ПОТРЕБНА Е НОВА ОБУКА

**а. Зошто Бог треба да нѐ превоспита? Судии 17:6; Исаија 53:6. Зошто на родителите во Израел им било потребно превоспитување откако излегле од Египет? Дали ние денес во нешто се разликуваме од нив?**

„После излезот од Египет, малкумина од Израелците биле спремни да соработуваат со Бога при воспитувањето на своите деца. Како жртви на долгогодишното ропство биле необразовани, невоспитани и изопачени. Малку знаеле за Бога и многу малку верувале во Него. Биле збунети од лажното учење и расипани поради долготрајниот допир со безбожниците.“ – *Воспитување, 34.*

„На родителите ќе им бидат потребни трпение и морална сила, за да можат во Божји страв да ги забораваат усвоените светски обичаи.“ – *The Review and Herald, November 13, 1894.*

**б. Што се случило со оние Израелци кои не ја прифатиле обуката која Бог сакал да ја имаат? 1. Коринтјаните 10:5,6. Кон кои гревови тие биле повеќе склони поради нивното образованието во Египет?**

„Господ не го напуштил Својот народ при нивното лутање во пустината, но многумина од нив го напуштиле Бога. Образованието кое го примиле во Египет ги направило подложни на искушенија, на идолопоклонство и развратност, и поради својата непослушност кон Божјите закони, речиси сите возрасни луѓе кои излегле од Египет починале во пустината, но на нивните деца им било дозволено да влезат во Ханан.“ – *Review and Herald, December 17, 1895.*

**в. Што треба да имаме на ум додека настојуваме да ги едуцираме нашите деца и младите? 1. Јованово 2:15-17; Римјаните 12:2.**

„Големата поука која треба да им ја дадеме на младите е дека, бидејќи му служат на Бога, треба да ги негуваат библиските начела и дека светот не треба да им биде на прво место. Бог сака сите да бидат поучени како да ги извршуваат Христовите дела, и преку рајските порти да влезат во небесниот град. Не смееме да дозволиме светот да нѐ преобрати; ние треба да се стремиме најсериозно да го преобратиме светот.“ – *Review and Herald, August 17, 1897.*

## 5. СЛЕДЕЊЕ НА БОЖЈИОТ ПЛАН

**а. Како Божјиот оригинален план за образование е прикажан во Аврамовиот живот? Кој бил очекуваниот резултат од таквото образование? Создавање 18:19.**

„Во божествениот план на воспитување, прилагоден на човековата состојба по падот, Христос стои како претставник на Отецот, како алка која ги поврзува Бога и човекот; Тој е голем Учител на човештвото и Тој одредил дека мажите и жените треба да бидат Негови претставници. Семејството било училиште, а родителите биле учители.

Во времето на патријарсите воспитувањето претежно се добивало во семејството. Во така основаните училишта Бог обезбедил најдобри услови за развој на карактерот... Луѓето кои цврсто се држеле за Божјите начела на животот престојувале во полињата и на ридовите. Тие обработувале земја и чувале ситен и крупен добиток.“ – *Темели на среќниот дом, 181.*

**б. Зошто заедницата со Бога е важен дел од образованието? Јов 22:21.**

„Кога човековиот ум ќе воспостави духовна врска со Божјиот Дух – ограниченото со неограниченото – не може да се процени колку ова делува на целокупното битие – духот, душата и телото на човекот. Во таквиот однос се наоѓа највозвишеното образование. Тоа е божествен метод за развивање на човечките способности.“ – *Делата на апостолите, 92.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Наместо на задоволување на себичните амбиции, на што нè наведува вистинското образование?**
2. **Како денес можеме да го напуштиме Египет? Зошто треба тоа да го сториме?**
3. **На кој начин го имитираме светот во начинот на кој ги образуваме нашите деца?**
4. **Зошто денес многу родители треба да бидат обучени според Божјите методи на образование? Што тие треба да забораваат?**
5. **Каде се наоѓале првите училишта, и како денес можеме да се вратиме на Божјиот план на образование?**

## Доброволен прилог во првата сабота

## За изградба на црквата во Бутан

Бутан, официјално познат како Кралство Бутан, се наоѓа во источните Хималаи во јужна Азија, и се граничи со Кина на север и Индија од сите останати страни. Бутан има околу 750 илјади жители, и површина од 38.394 км². Неговиот главен град е Тимбу. Во 2008 година Бутан преминал од апсолутна во уставна монархија.

Бутан е будистичка држава во која над 81% од нејзиното население се следбеници на сектата Ваџрајана. Остатокот од популацијата претежно се Хиндуси. Христијаните се мала фракција во оваа земја, претежно католици. Евангелизирањето не може слободно да се извршува. Сепак, направени се големи напори да се спроведат различни ограничени начини на евангелизирање.

Пред неколку години, едно семејство кое ја посетило северна Индија слушнало за пораката на реформацијата. Тие некое време ја проучувале пораката и по враќањето во Бутан почнале да го обожаваат вистинскиот, живиот Бог на љубовта. Ова семејство ја поделило добрата вест и со други луѓе во Бутан. Ова предизвикало голем интерес кај некои од овие души.

Нашата сегашна потреба е место за богослужение. Прво треба да набавиме парче земја, а потоа да изградиме црква за Бога. За да ја извршиме оваа задача, браќата вложија труд сами да соберат некои средства. Еден дел од потребните средства е донесен во ризницата на нашиот Небесен Цар, но и понатаму ни е потребен голем дел од средствата. Сега апелираме до нашето црковно семејство ширум целиот свет да ни помогне во овој благороден проект.

„Членовите на нашата црква треба длабоко да се заинтересирани и за домашните и за странските мисии. Трудејќи се со пожртвување, знамето на вистината да го забодат на нови подрачја, тие ќе почувствуваат голем благослов. Вложените пари во тоа дело ќе бидат богато возвратени. Радувајќи се на светлината која ја примиле од Божјата Реч, новообратените, од своја страна ќе прилагаат средства за светлината да се однесе и на други.“ *– 9. Сведоштво, 49.*

Се молиме Бог да ги допре вашите срца и великодушно да донирате средства за овој проект со цел Господовото дело овде во Бутан да напредува, и да се забрза второто доаѓање на нашиот Господ и Спасител. Амин.

*Вашите браќа и сестри од Бутан*

# Избавување од смрт

**„О, смрт, каде ти е осилката? О, гробу, каде ти е победата?“ – 1. Коринтјаните 15:55.**

*„Божјите избраници можат да паднат на својата должност, но тие само заспале, додека Исус не ги пробуди, па заедно со Него да ја поделат вечната слава.“ – The Upward Look, p. 272.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: The Spirit of Prophecy, vol. 4, 351-369; Sons and Daughters of God, pp. 229, 230.*

Недела 28. април

## 1. КОМПОНЕНТИ НА ЖИВОТОТ

**а. Опиши го процесот во кој Бог му дава живот на човекот. Создавање 2:7; 1. Коринтјаните 15:45 (прв дел).**

_____

_____

„Кога Бог го создал човекот според Своето обличје, човечката форма била совршена во сé, но немала живот. Тогаш Бог, личност, која постои сама по себе, вдахнал во таа форма животен здив и човекот станал живо, интелигентно суштество. Сите делови на човечкиот организам почнале да работат. Срцето, артериите, вените, јазикот, рацете, стапалата, сетилата, умствените способности сите почнале да ја извршуваат својата работа и сите биле потчинети на закон. Човекот станал жива душа.“ – *Здравје и среќа, 415.*

**б. На кој начин овој процес започнува да тече во обратна насока кога човекот ќе умре? Псалм 146:4; 104:29.**

_____

_____

„Телесен живот е нешто што го добива секој поединец. Тоа не е нешто вечно или бесмртно бидејќи Бог, Дарителот на животот, повторно го зема. Човекот нема власт над својот живот.“ – *Maranatha, p. 302.*

## 2. ШТО Е СМРТ?

### а. Каква е состојбата на човекот во смртта? Проповедник 9:5,6; Псалм 6:5.

„Меѓутоа, ако мртвите веќе се радуваат во блаженството на небото или ако се превиткуваат во огнот на пеколот, зошто тогаш е потребен идниот суд? Учењето на Божјото Слово за овие важни прашања не е неразбирливо ниту противречно; тоа можат да го сфатат и обичните луѓе. Но која искрена душа, во оваа денес толку распространета теорија, може да види било каква мудрост или праведност? Дали праведниците, по испитувањето на нивните дела на судот ќе ја примат пофалбата: 'Добро, сакан и верен слуго... влези во радоста на својот Господар' (Матеј 25:21), ако според оваа теорија можеби веќе многу векови биле во Негово присуство? Дали грешниците ќе бидат повикани од пеколните маки за да ја чујат пресудата од Судијата на целата Земја: 'Одете од Мене, проклети, во вечен оган' (Матеј 25:41). О, колкава измама и какви срамни обвинувања на сметка на Божјата мудрост и праведност!" – *Големата борба, 549.*

„За ова време многу е важно правилно да се разбере она што ни го зборува Светото Писмо за состојбата на мртвите. Божјото Слово нѐ учи дека мртвите не знаат ништо 'и љубовта нивна, и омразата нивна и љубомората нивна веќе исчезнале, и ќе немаат дел довека во ништо, што се случува на земјата' (Проповедник 9:6)." – *Evangelism, p. 249.*

### б. Што се случува со телото кога ќе умреме? Проповедник 3:20; Создавање 3:19.

„Бог објавил дека, како казна за (Адам) гревот, човекот мора да се врати во земјата од која е земен: 'Зашто си земја, и во земја ќе се вратиш' (Создавање 3:19)." – *The Spirit of Prophecy, vol. 4, p. 352.*

### в. Со што е споредена смртта? Јован 11:11-14.

„За верникот смртта е безначајно прашање. Христос зборува за неа како да има мала важност. 'Оној што ќе ги запази Моите зборови, никогаш нема да види смрт'... никогаш нема да вкуси смрт' (Јован 8:51,52). За христијаните смртта е само сон, само момент на молчење и темнина. Животот е сокриен со Христа во Бога и 'кога ќе се појави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се појавите со Него во слава' (Колосјаните 3:4)." – *Копнежот на вековите, 787.*

## 3. ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ ЗА МРТВИТЕ

**а. Како е опишана трајноста на смртта? Јов 7:9,10. Псалм 146:4. На што треба да нè наведе размислувањето за овие работи? Псалм 90:12.**

„Смртта е сериозна, но животот е многу посериозен. Повторно ќе се сретнеме со секоја мисла, збор и дело направено во овој живот. Она што ќе го направиме од себе за време на искушенијата, тоа ќе останеме во целата вечност. Смртта носи пропаст за телото, но не го менува нашиот карактер. Христовото доаѓање не го менува нашиот карактер, туку само го утврдува засекогаш, без промени...

Ги повикувам членовите на црквата да бидат христијани, слични на Христа. Исус работел, но не за Себе, туку за другите... Ако вие сте христијани, ќе го следите Неговиот пример.“ – *The Faith I Live By, p. 169.*

„Гледајте на секоја должност, колку и да е скромна, како на света, затоа што е дел од Божјата служба. Не дозволувајте ништо да ве наведе да заборавите на Бога. Внесете го Христа во сè што работите. Тогаш вашиот живот ќе биде исполнет со сјај и благодарност.“ – *In Heavenly Places, p. 226.*

„Секој момент носи вечни последици. Ние сме како војници на мртва стража кои треба да бидат подготвени секој момент да ја извршат својата задача. Можноста која сега ја имаме да и дадеме животни зборови на некоја гладна душа, можеби никогаш повеќе нема да ни се понуди повторно. Бог може и на таа душа да и рече: ‘Безумниче, ноќва ќе ти ја побараат душата твоја’ (Лука 12:20), и поради нашето запоставување таа душа нема да биде подготвена.“ – *The Faith I Live By, p. 158.*

**б. Каде одат сите луѓе кога ќе умрат? Дела 2:29,34,35; Псалм 89:48; Проповедник 9:10.**

„Никаде во Светото писмо не пишува дека праведниците својата награда, или пак грешниците својата казна, ја примаат во мигот на смртта. Патријарсите и пророците не оставиле вакво тврдење. Христос и Неговите апостоли за тоа не дале никакво навестување. Библијата јасно учи дека мртвите не заминуваат веднаш на небото, туку ги прикажува како оние што спијат до воскресението. (1. Солунјаните 4:14; Јован 14:10-12). Истиот ден кога ‘ќе се скине сребрениот конец, и се скрши златната чаша’ (Проповедник 12:6), престануваат сите мисли на човекот. Оние што слегуваат во гроб целосно замолкнуваат! Тие не знаат повеќе за ништо што се случува под сонцето (Јов 14:21). Каков блажен мир за уморените праведници!“ – *Големата борба, 549,550.*

## 4. ИЗБАВУВАЊЕ ОД СМРТ

### а. Што е осилото на смртта? 1. Коринтјаните 15:56.

---

„Да го негуваме Христовиот дух. Тој го напуштил својот царски престол, ја заменил својата божествена природа со човечка и дошол на оваа земја, целата извалкана со грев, со цел да се соочи со непријателот на човекот и да нѐ избави од ропството на гревот и смртта.“ – *The Review and Herald, July 16, 1889.*

### б. Гледајќи ја Христовата победа што можеме да кажеме? 1. Коринтјаните 15:55,57. Како Тој нѐ избавува од смртта? 1. Коринтјаните 15:3; 1. Тимотеј 2:5,6.

---

„Со својот живот Христос го откупил секое човечко суштество. Тој умрел со сурова смрт за да ги спаси човечките суштества од вечна смрт. Тој го дал својот безгрешен живот за да обезбеди живот за грешниците кој е сличен на Божјиот живот. Со својата смрт, Тој на човекот му создал можност да ги прекине своите врски со сатаната, да се врати во заедница со Бога, и преку вера во Откупителот да добие простување...

Оној кој ги има на располагање сите сили на небото и на земјата, ќе ја воздигне секоја душа која се кае и верува... Тој длабоко се интересира за секоја душа, бидејќи ја платил со цената на својот живот за никој вечно да не биде изгубен.“ – *Sons and Daughters of God, p. 230.*

### в. Што уништил Христос со својата смрт? Евреите 2:14.

---

„Во претсмртниот извик на Спасителот: ‘Се сврши’, на сатаната му одsвонило претсмртното sвоно. Големата борба која се води толку долго, тогаш дефинитивно била одлучена, и конечното истребување на злото станало сосема извесно. Божјиот Син поминал низ гробната врата, ‘та преку смртта да го победи оној, што ја има власта над смрта, односно ѓаволот’ (Евреите 2:14). Стремежот на Луцифер кон самовозвишување го навел да каже дрско: ‘Ќе се искачам на небесата, над Бојжите sвезди ќе си издигнам престол за себе... ќе бидам еднаков на Севишниот.’ А Бог кажува: ‘Затоа... ќе те претворам во пепел на земјата... и нема да те има повеќе’ (Исаија 14:13,14; Езекиел 28:18, 19).“ – *Големата борба, 503,504.*

## 5. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД СТРАВОТ ОД СМРТТА

**а. Кој страв денес заробува многу луѓе? Што Христос сака да направи за нас со Својата смрт? Евреите 2:15.**

---

„Во сите моменти на опасност, Христос му се обраќал на својот Отец. Тој 'дошол до крв' во моментот кога стравот од моралниот неуспех делувал како смртен страв. Кога клекнал во Гетсиманија, во душевна агонија, капки крв паѓале од Неговите пори и ја натопувале земјата. Тој се молел со гласен плач и солзи, и Бог во Неговиот страв ја примил молитвата. Тој го зајакнал, како што ќе ги зајакне сите оние кои ќе се понижат и себе, својата душа, духот и телото ќе ги предадат во рацете на Бога кој го одржува својот завет." – *Selected Messages, bk. 3, 131.*

**б. Од што не треба да се плашиме? Зошто? Матеј 10:28-31; 1. Јованово 4:4.**

---

„Бог никогаш не престанува да се грижи за својот народ... Христос ги учел своите ученици дека Бог на секое живо суштество му посветува исто толкаво внимание колку што посветил при создавањето на светот. Тој им посветува внимание на птиците во лет. 'Ниту едно врапче', вели Тој, 'не паѓа на земјата без да биде забележано од вашиот Татко небесен.' И кога Тој се грижи за едно мало врапче, тогаш душите за кои Христос умрел сигурно се неспоредливо подрагоцени во Неговите очи. Вредноста која Бог му ја дава на човекот најдобро се гледа во жртвата принесена на крстот на Голгота." – *My Life Today, p. 292.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Опиши како човекот станал жива душа.**
2. **Што претставува смртта за христијанинот?**
3. **Како смртта влијае на карактерот?**
4. **Како Христос триумфирал над смртта?**
5. **Како Христос искусил страв од смртта, и како извојувал победа?**

# Избавување преку воскресение

**„А Исус и рече: ‘Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее. И секој што живее и верува во Мене, нема да умре довека. Го веруваш ли тоа?’“ – Јован 11:25,26.**

*„Исус Христос извојувал победа над смртта и ги раскинал прангите на гробот, и сите кои спијат во гробовите имаат удел во таа победа; тие ќе излезат од своите гробови како што го направил тоа и Победникот.“ – Selected Messages, bk. 2, p. 272.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Копнежот на вековите, 779-787.*

Недела 5. мај

## 1. БЛАЖЕНА НАДЕЖ

### а. Каква сигурност за идниот живот имал Јов? Јов 19:25-27; 14:14.

„Патријархот Јов во ноќта на својата болка извикал со непоколеблива доверба: ‘Но јас знам: Заштитникот мој е жив; Тој го има последниот збор на оваа земја... во телото мое ќе Го видам Бога. Јас сам ќе Го видам; моите очи, не очите на друг, ќе Го видат Него’ (Јов 19:25-27).“ – *Maranatha, p. 13.*

### б. Какво ветување имаме во поглед на воскресението? Осија 13:14; 2. Тимотеј 4:7,8.

„На прашањето: ‘Дали ќе оживее оној што ќе умре?’ Примајќи ја на себе казната на гревот, симнувајќи се во гроб, Христос го расветлил гробот за сите кои умираат со вера. Бог во човечки облик, преку евангелието ги изнел на светлина животот и бесмртноста. Умирајќи, Христос им обезбедил вечен живот на сите кои ќе поверуваат во Него. Умирајќи, Тој го осудил зачетникот на гревот и неверноста на заслужената и неизбежна казна за гревот - вечна смрт.“ – *6. Сведоштво, 230,231.*

## 2. ВЕЛИЧЕСТВЕНА ПРОМЕНА

### а. Што се случува со телото после смртта? Јован 11:39.

„Лазар бил погребан во една пештера во карпа, а пред влезот се наоѓал голем камен. ‘Тргнете го каменот’, рекол Христос. Мислејќи дека Христос само сака да го види покојникот, Марта приговорила велејќи дека телото е погребано веќе четири дена и дека веќе почнало да се распаѓа.“ – *Копнежот на вековите, 534.*

„Во гробот во пештерата било положено телото на Лазар, ладно, немо и мртво.“ – *The Youth’s Instructor, May 4, 1899.*

### б. До какви промени доаѓа при воскресението? 1. Коринтјаните 15:51-54.

„Живите праведници ‘наеднаш, за миг’ ќе бидат преобразени; на Божјиот глас тие се прославени; сега стануваат бесмртни и заедно со воскреснатите светии се вознесуваат во воздухот, на средба со својот Господ. Ангелите ги собираат Неговите избраници од ‘четирите ветра од крајот на Земјата до крајот на небото’ (Марко 13:27).“ – *Големата борба, 645.*

„Смртта ни ги зема нашите најблиски. Ние ги затвораме нивните очи и ги предаваме за закоп и ги отстрануваме од нашиот поглед. Но надежта го крепи нашиот дух. Ние не сме се разделиле засекогаш, туку ќе се сретнеме со нашите сакани кои заспале во Исуса. Тие ќе се вратат од непријателската земја. Доаѓа Дарителот на животот. Големо мноштво од свети ангели Го следат на Неговиот пат. Тој ги кине врвците на смртта, ги раскинува прангите на гробот и драгоцените заробеници излегуваат здрави и во бесмртна убавина.“ – *The Faith I Live By, 185.*

„При воскресението целосно ќе биде зачуван личниот идентитет, иако нема да бидат зачувани истите материјални честици или супстанции како кога влегле во гробот. Чудесните Божји дела претставуваат тајна за човекот. Духот – карактерот на човекот – се враќа кај Бога за да се сочува. При воскресението секој поединец ќе има свој личен карактер. Кога ќе дојде време Бог ќе ги подигне умрените, вдахнувајќи им повторно дух животен и ќе ги оживее сувите коски. Воскреснатите ќе излезат од гробовите во истиот облик како што легнале, но ќе бидат ослободени од болести и секакви недостатоци. Тие ќе ги задржат сите особини и црти на лицето, така што роднините и пријателите ќе се препознаат едни со други.“ – *Коментари на библиски текстови, 682.*

## 3. ЧЕКАЊЕ НА БЛАЖЕНАТА НАДЕЖ

### а. Кој настан е поврзан со воскресението? Јован 14:1-3.

„Долго чекавме на враќањето на нашиот Спасител. Но ветувањето сепак е сигурно. Наскоро ќе бидеме во ветениот дом.“ – *8. Сведоштво, 254.*

„Целта на Христовото заминување била спротивна на она од што учениците се плашеле. Таа не значела конечна разделба. Заминал за да им подготви место, со цел повторно да дојде и да ги земе со Себе. Додека Тој за нив подготвува живеалишта, тие треба да го изградуваат карактерот според божествената сличност.“ – *Копнежот на вековите, 663.*

### б. Какво охрабрување имаме за оние што умреле? Какво уверување имаме дека воскресението сепак ќе се случи? 1. Солунјаните 4:13-17.

„Дарителот на животот ќе ги повика оние кои ги откупил да станат во првото воскресение, и до тој победоносен момент, кога ќе одекне последната труба и ќе се подигне голема војска на вечна победа, секој кој бил свет и кој почива ќе биде на сигурно, чуван како драгоцен бисер кого Бог го знае по име. Преку силата на Спасителот, која ја имале додека биле живи, и затоа што биле учесници во божествената природа, тие ќе бидат подигнати од мртвите...

Исус Христос извојувал победа над смртта и ги раскинал оковите на гробот, и сите што спијат во гробот ќе учествуваат во таа победа; тие ќе излезат од своите гробови како што тоа го направил и Победникот.“ – *Selected Messages, bk. 2, pp. 271, 272.*

### в. На какво размислување би требало тоа да нè наведе? Тит 2:13.

„Каде и да одиме, треба да носиме атмосфера на христијанска надеж и радост; тогаш оние кои не го познаваат Христа ќе ја увидат привлечноста на религијата која ја исповедаме; неверниците ќе ја видат доследноста на нашата вера. Ние треба да имаме најјасен поглед за небото, место каде што се наоѓа целата светлост и радост.“ – *Lift Him Up, p. 244.*

„Христос наскоро ќе дојде по втор пат. За тоа треба често да зборуваме. Тоа треба да биде највозвишената мисла во нашите умови.“ – *Upward Look, p. 311.*

## 4. ВОСКРЕСЕНИЕТО: ДОКАЗ НА БОЖЕСТВОТО

**а. На кој начин Христовото воскресение станува клучна точка на нашата вера и надеж? 1. Коринтјаните 15:16-22.**

---

„Христос му овозможил на секој Адамов син со живот на послушност да го победи гревот и откупен со Христовата крв да воскресне од гробот во наследство на бесмртноста.“ – *In Heavenly Places, p. 44.*

**б. Кои Христови зборови покажуваат дека Тој имал животодавна сила во Себе? Јован 10:17,18; 2:19-21.**

---

„Кога се слушнал гласот на моќниот ангел крај Христовиот гроб: ‘Твојот Татко Те вика’, Спасителот излегол од гробот, благодарение на животот што се наоѓал во Него....

Над отворениот Јосифов гроб, Христос победоносно изјавил: ‘Јас сум воскресение и живот.’ Тие зборови можело да ги изговори само Божеството. Сите создадени суштества живеат благодарение на Божјата сила и волја. Тие се зависни приматели на живот од Бога. Сите, од највисокиот серафим до најпримитивното живо суштество, се напојуваат од Изворот на животот. Само Оној, Кој е едно со Бога може да каже: ‘Имам власт да Го положам Својот живот и имам власт повторно да го земам.’ Во Својата божествена сила, Христос имал сила да ги раскине оковите на смртта.“ –*Копнежот на вековите, 785.*

„Христовиот дух заедно со Неговото тело почивал во гробот, не се вознел на небото... Сето она што го сочинувало Христовиот живот и битие, останало со Неговото тело во гробот, и Тој од гробот излегол како комплетно битие; Тој не морал Својот дух да го повикува од небото. Тој имал моќ да го положи Својот живот и повторно да го земе.“ – *The Spirit of Prophecy, vol. 3, pp. 203, 204.*

**в. Кое пророштво се исполнило кога Исус воскреснал? Псалм 68:18.**

„Оние кои излегле од гробовите при Христовото воскресение, биле подигнати на вечен живот. Тие биле мноштво од заробеници кои биле вознесени со Него како трофеи во знак на Неговата победа над смртта и гробот.“ – *Selected Messages, bk. 1, pp. 304, 305.*

Четврток 9. мај

## 5. ПОДИГАЊЕ НА ДРУГИТЕ ВО ЖИВОТ

**а. Кого Елисеј воскреснал со помош на Христовата чудотворна сила? 2. Цареви 4:32-37.**

---

„Така била наградена верата на оваа жена. Христос, големиот Дародавец на животот и го вратил синот. На ист начин ќе бидат наградени и Неговите верни кога Тој ќе дојде по втор пат, кога смртта ќе го изгуби осилото и кога гробот ќе ја изгуби победата која ја сакал. Тогаш Тој на Своите слуги ќе им ги врати децата на оние кои им ги одзела смртта.“ – *Пророци и цареви, 239.*

**б. Кога воскреснал Исус непосредно пред крајот на својата служба на земјата? Јован 11:38,39,43. Која била Неговата намера во извршувањето на ова чудо?**

---

„Христос во целост ја покажал Својата власт над смртта и гробот. Тоа силно чудо било најголем доказ што Бог им го дал на луѓето за тоа дека го испратил Својот Син на светот заради нивно спасение. Тоа бил знак на божествената сила, доволен да го увери секој ум кој бил под контрола на разумот и просветлената совест. Многумина кои присуствувале на Лазаровото воскресение почнале да веруваат во Исуса. Но тоа уште повеќе ја зголемило омразата на свештениците. Тие ги отфрлиле сите помали докази за Неговото божество и ова ново чудо само уште повеќе ги разгневило... Тие повеќе од кога и да е, одлучиле да сторат крај на Христовото дело.“ – *Копнежот на вековите, 537.*

Петок 10. мај

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како Христос ни дава надеж во воскресението?**
2. **Кои промени се случуваат при воскресението, а што останува исто? Зошто?**
3. **Колку грижливо Бог го чува секој свет човек кој заспал?**
4. **Што е значајно во фактот дека Исус имал сила да го положи својот живот и повторно да го земе?**
5. **Што покажало чудото со воскресението на Лазар?**

# Служба за избавување

**„Духот на Господ Бог е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните, Ме испрати да лекувам скрушени по срце, да им проповедам на заробените и на затворениците - отворање на темницата.“ – Исаија 61:1.**

*„Попуштајќи му на гревот, човекот ја става својата волја под контрола на сатаната. Тој станува беспомошен заробеник под власта на искушувачот. Бог го пратил својот Син на овој свет за да ги раскине оковите на сатаната и да ја ослободи човечката волја.“ – Australian Union Conference Record, June 1,1900.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Копнежот на вековите, 547 - 551.*

Недела 12. мај

## 1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА БОЖЈОТО ЦАРСТВО

**а. Кое прашање го поставил Исус во врска со Божјото царство? Марко 4:30. На што сакал да го привлече вниманието на народот?**

„Христос ги затекол земните царства во состојба на изопаченост... Кога Исус дошол на овој свет да го воспостави своето царство, ги видел човечките власти и рекол: ‘Со што да го споредиме царството Божјо?’ Ништо во граѓанското општество не Му дало можност за споредба...

Мисијата и делото на Исус Христос претставувале изразита спротивност на злото и насилството кое се проширило по целиот свет... Тој планирал власт која нема да се служи со сила; Неговите поданици нема да знаат за угнетување... Тој дошол како божествен Искупител, за да му донесе голема благодат од Небото на угнетеното и погазено човештво, така што со силата на Неговата праведност, човекот, грешен и понижен каков што бил, може да стане учесник во божествената природа.“ – *God’s Amazing Grace, p. 14.*

„Христос воспоставувал царство што се заснова на поинакви начела. Тој не ги повикувал луѓето да владеат, туку да служат; оние кои се силни да ги носат слабостите на послабите. Оној што има власт, положба, способност или образование, тој има уште поголема обврска да им служи на своите ближни.“ – *Копнежот на вековите, 550.*

## 2. ХРИСТОВАТА МИСИЈА

**а. Како е опишан карактерот на Избавителот кој доаѓа? Во чија сила Тој работел? Исаија 42:1-4.**

_____

_____

„Пламенот на верата и надежта кој едвај тлеел, Христос ќе го поттикне, нема да го угасне. Тој ќе го нахрани Своето стадо како пастир; Тој ќе ги собере Јагнињата со рацете и ќе ги носи во Своите прегратки.“ – *Коментари на библиски текстови, 327.*

**б. Која царска титула Месијата требало да ја носи? Исаија 9:6.**

_____

_____

„Срцето кое е во согласност со Бога има удел во небесниот мир а неговото блажено влијание се шири над сите кои го опкружуваат.“ – *Мисли од Гората на блаженството, 27,28.*

**в. Како накратко можеме да ја сумираме Христовата животна мисија? Дела 10:38. Кои практични работи го сочинувале Христовото дело? Матеј 4:23,24.**

_____

_____

„Со срце кое секогаш било допрено од свеста за нашите слабости, со уво кое секогаш било отворено за молбите на напатеното човештво, со рака која секогаш била подготвена да ги спаси обесхрабрените и очајните, Исус, нашиот Спасител, ‘одеше вршејќи добри дела’ (Дела 10:38).“ – *God’s Amazing Grace, 14..*

„Болните доаѓале во местата низ кои Тој поминувал, за да побараат помош од Него. Меѓу нив доаѓале и многу страдалници, да ги слушнат Неговите зборови и да го почувствуваат допирот на Неговата рака. Така, Тој одел од град во град, од место во место, проповедајќи го Евангелието и исцелувајќи болни – Царот на славата, облечен во скромната облека на човештвото.“ – *Здравје и среќа, 22.*

„Нежен, сочувствителен, наклонет и секогаш загрижен за другите, Тој (Хтистос) го претставувал Божјиот карактер и бил постојано вклучен во службата за Бога и луѓето.*“ – Здравје и среќа, 423.*

## 3. ХРИСТОВОТО ДЕЛО ТРЕБА ДА БИДЕ И НАШЕ ДЕЛО

**а. Колку опсежно било Христовото дело под вдахновение на Светиот Дух? Исаија 61:1-3.**

„Делото кое го опишува пророкот е дело на секој Христов ученик. Ние треба да ги изговараме Христовите зборови, на другите да им го претставиме заветот на милоста, Христовата праведност. Ние треба на светот да му прикажеме дека во нашите садови, во нашите светилки имаме масло на благодат. Делото на секој Христов претставник, и во службата и меѓу оние кои не го познаваат Бога, е да зборува за големото спасение кое ни се дава како Христов бесплатен дар.“ – *The Review and Herald, March 27, 1894.*

**б. На кое дело сме повикани како Христови следбеници? Исаија 58:6,7.**

„Сите кои ќе станат поданици на Христовото царство ќе го претставуваат Него со својот карактер и природата.“ – *God's Amazing Grace, p. 14.*

„Попуштајќи му на гревот, човекот ја ставил својата волја под контрола на сатаната. Тој станал беспомошен заробеник под власта на искушувачот. Бог го испратил својот Син на овој свет да ја сотре власта на сатаната и да ја ослободи човечката волја. Тој Го испратил да прогласи ослободување на заробените, да ги отстрани тешките товари и да ги ослободи угнетените.“ – *Our High Calling, p. 104.*

„Дознајте што им е потребно на сиромашните и неволните, а потоа, со љубов и нежност, споделете со нив добри работи што Бог ви ги подарил, и на таков начин помогнете им да добијат храброст, надеж и доверба. Така ќе го извршите токму она дело кое Бог го наменил за вас.“ – *The Medical Missionary, June 1, 1891.*

„Христовиот начин на работа треба да биде наш пример. Тој непрестајно одел правејќи добро. Во храмот и синагогите, по улиците на градовите, на пазарите и во работилниците, покрај морето и на падините на ритчињата, Тој го проповедал евангелието. Неговиот живот бил олицетворение на една несебична служба, и тоа нека ни послужи како учебник. Неговата нежна љубов, полна со сомилост, претставува укор за нашата себичност и нечувствителност.“ – *9 Сведоштво, 31.*

**в. Кое ветување им го дал Христос на Своите ученици во поглед на силата која ќе го прати ширењето на евангелието? Дела 1:8.**

## 4. СВЕДОЦИ НА ИЗБАВУВАЊЕ

**а. Кои охрабрувачки зборови треба да нè поттикнат да ги следиме Исусовите стапки да дојдеме во допир со другите? Исаија 52:7; 61:6-9.**

„Тој (Бог) сака да отидете во нашите цркви и ревно да работите за Него. Тој сака да одржувате состаноци за тие што не се членови на нашата црква, за светот да дознае за вистината и за последната вест на опомена. Во многу места луѓето со задоволство ќе ве примат и душите ќе ви бидат благодарни што сте отишле да им помогнете. Господ нека ви помогне да го прифатите ова дело како никогаш порано.“ – *9 Сведоштво, 107.*

„Потребна е морална храброст да работите непоколебливо во Божјото дело. Кај оние кои тоа го прават нема место за самољубие, за себични размислувања, амбиции, љубов кон угодност, или желба да се избегне крстот.“ – *The Review and Herald, February 7, 1893.*

**б. Кој прекрасен пример покажува што Исус сака да направат оние кои Тој ги ослободил од гревот? Матеј 8:28; Марко 5:6-8,18-20.**

„Овие двајца обновени луѓе биле првите мисионери што Христос ги испратил да го проповедаат евангелието во подрачјето на Декаполис. Тие луѓе имале привилегија само неколку моменти да ги слушаат Неговите поучувања. До нивните уши не допрела ниту една единствена проповед од Неговите усни. Не можеле да го поучуваат народот како учениците кои секој ден биле со Христа. Но, тие сведочеле со својата личност дека Исус е Месијата. Можеле да го раскажуваат она што го знаат, она што сами го виделе и чуле и како ја искусиле Христовата сила. Тоа може да го направи секој чие срце е допрено од Божјата благодат. Јован, возљубениот ученик, напишал: ‘Она што беше од почетокот, она што го чувме, она што со очите свои го видовме, што го разгледавме и што рацете наши го опипаа, за Словото на животот... она што го видовме и го чувме, тоа ви го навестуваме.’ (1. Јованово 1:1-3) Како сведоци за Христа треба да го зборуваме она што го знаеме, она што сами сме го виделе, слушнале и почувствувале. Доколку сме го следеле Исуса чекор по чекор, секогаш ќе имаме нешто одредено да кажеме за патот по кој не водел. Можеме да зборуваме како сме ги искусиле Неговите ветувања и сме констатирале дека се вистинити. Можеме да сведочиме дека сме ја искусиле Христовата благодат. Тоа е сведоштво на кое нè повикува нашиот Господ и поради чиј недостаток светот пропаѓа.“ –*Копнежот на вековите, 340.*

## 5. РАБОТЕЊЕ ВО ПОНИЗНОСТ

**а. Каков став имал Исус додека работел за другите, и што можеме да научиме од ова? Јован 6:38; Јаков 4:6,10.**

„За најголемата можна нежност и слобода треба да заблагодариме на Христовата искупувачка крв. Христос во своето учење секогаш одново ја изнесувал вредноста на вистинската понизност, покажувајќи колку е неопходно да покажеме сочувство, љубов и подготвеност да им помогнеме на другите.

Не можеме да се надеваме на човечката величина, човечкиот интелект или во човечките планови. Мораме да се ставиме под водство на бесконечниот ум, признавајќи дека без Христа не можеме ништо да направиме.“ – *The Review and Herald, August 18, 1896.*

**б. Колку далеку треба да одиме за да дојдеме до оние кои имаат потреба? Јов 29:15,16; Матеј 25:34-40.**

„Забележете дека вие не треба да утешите само неколкумина од оние кон кои сте склони да покажете наклонетост, туку сите кои тагуваат, сите кои ќе ви се обратат за помош и олеснување; и повеќе од тоа, треба да ги барате оние на кои им е потребна помош. Јов вели: ‘Внимателно ја проучував поплаката, која не ја знаев.’ Тој не чекал да го повикаат, а потоа се свртувал од нив, велејќи: ‘Нема да им помогнам.’“ – *The Review and Herald, October 15, 1901.*

„Светот е полн со мажи и жени кои носат тежок товар на тага, страдање и грев. Бог ги испраќа Своите деца на таквите да им го откријат Оној кој ќе го отстрани товарот и ќе им даде одмор. Мисијата на Христовите слуги е да помогнат, да благословат, да лекуваат.“ – *The Review and Herald, October 29, 1903.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Во што Христовото царство се разликува од световните царства?**
2. **Како можам да бидам дел од Исусовата мисија за враќање на мирот кој е изгубен поради гревот?**
3. **Која е нашата должност, бидејќи сме спасени од ропството на гревот?**
4. **Како можам да ја покажам мојата благодарност за Божјиот несебичен интерес за мене?**
5. **На кого треба да му помогнам? Која треба да биде мојата мисија?**

# Спасување на нашиот ближен

**„Давајте и ќе ви се даде: мерка добра, набиена, натресена и преполна.“ – Лука 6:38.**

*„Негова е земјата и сите средства Му се на располагање и Тој ќе ги благослови сите што сакаат да бидат благослов за другите.“ – Здравје и среќа, 200.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Здравје и среќа, 161-182.*

Недела 19. мај

## 1. ДА ГО СЛЕДИМЕ ХРИСТОВИОТ ПРИМЕР

### а. Како Исус ги учел своите ученици да работат за другите? Јован 13:34.

„Примерот на Спасителот треба да биде стандард и правило во нашата служба за искушуваните и заблудените. Истиот интерес, истата нежност и долготрпеливоста што Тој ги покажува кон нас, ние треба да го покажеме кон другите. ‘Како што јас ве возљубив,’ рекол Тој, ‘така и вие да се љубите еден со друг’ (Јован 13:34). Ако Христос живее во нас, тогаш ние ќе ја откриваме Неговата несебична љубов кон сите со кои доаѓаме во допир. Кога ќе видиме луѓе и жени на кои им се потребни сочувство и помош, не треба да прашаме: ‘Дали се достојни?’ - туку: ‘Како можам да им помогнам?’“ *– Здравје и среќа, 162.*

### б. Што поучувал Исус за вредноста на душата? Лука 15:4-10. Што можеме да научиме од тоа?

„Изгубената паричка од параболата на Спасителот, иако лежела во прав и нечистотија, сè уште претставувала парче сребро. Нејзиниот сопственик ја барал, затоа што таа имала вредност. Така, секоја душа, колку и да е деградирана од гревот, е скапоцена во очите на Бога...

Христовата љубов, манифестирана во зборови и на дело, е таа што ќе најде пристап до душата и тогаш, кога со аргументи и повторување на принципите не може да се постигне ништо.

Ние имаме потреба од многу повеќе сочувство како Христовото... за сиромашните, страдните, душите што се борат, кои често покажуваат недостатоци, кои грешат и се кајат, кои се искушувани и обесхрабрени.“ *– Здравје и среќа, 163,164.*

## 2. РАБОТА ЗА ОНИЕ КОИ СЕ ВО ИСКУШЕНИЕ

**а. Со каква итност треба да работиме за оние кои се наоѓаат надвор од заедницата? Лука 14:23.**

„Христијанските побуди бараат да работиме за душите што сатаната сака да ги уништи со непоколеблива цел, непрекинат интерес и сé поголема ревност. Ништо не би требало да ја ослабне ревноста и сесрдното залагање за спасувањето на изгубените.“ – *Здравје и среќа, 164.*

**б. Каков однос треба да имаме кон оние што се борат со гревот? Зошто? Галатјаните 6:1; Римјаните 14:10.**

„(Христа) Го болело што постојано мора да доаѓа во допир со непријателство, изопаченост и нечистотија од страна на луѓето; но никогаш не изговорил ниту еден збор од кој би можело да се заклучи дека Неговите чувства и Неговата благородност се повредени. Без оглед колку навиките на луѓето биле лоши, а предрасудите длабоки и страстите пресилни, Тој ги пресретнувал со милосрдност. Кога ние би го поседувале Неговиот Дух, би ги сметале за свои браќа сите луѓе обременети со слични искушенија и испити, кои паѓаат и се борат повторно да станат и обесхрабрени копнеат за сочувство и помош, тогаш, средбата со нас нема да ги обесхрабрува ниту одбива, туку напротив, ќе буди надеж во нивните срца...

Со чувство за сопствената слабост, ние ќе имаме сожалување и разбирање за слабоста на другите...

Кроткиот дух, благородното и пријатно однесување, може да ги спаси заблудените и да покрие мноштво гревови.“ – *Здравје и среќа, 165, 166.*

**в. Кое Исусово учење секогаш треба да го имаме на ум додека се обидуваме да им помогнеме на оние кои се во искушение? Матеј 7:12.**

„Треба да се ставиме на местото на искушуваните. Имајте ги предвид законите на наследувањето, влијанието на лошото друштво и околината, како и силата на лошите навики. Треба ли тогаш да се чудиме што многумина се понижени заради таквите влијанија? Треба ли да се чудиме што тие толку бавно одговараат на напорите вложени за нивно издигнување?“ – *Здравје и среќа, 168.*

## 3. ПОМАГАЊЕ НА НЕУМЕРЕНИТЕ

**а. На што треба да се сетиме кога се обидуваме да им помогнеме на луѓето кои имаат пороци? Галатјаните 6:9; Јуда 23.**

„Залагајќи се за жртвите на неумереноста, ние мораме да имаме предвид дека имаме работа со душевно неурамнотежени луѓе, кои веќе долго време се наоѓаат под власта на демоните. Бидете трпеливи и воздржани кон нив. Не мислете на нивната одвратна непривлечна појава, туку на скапоцената душа за чие искупување умрел Христос. Кога пијаницата ќе се разбуди и ќе стане свесен за својата деградација, тогаш сторете сé што можете, за да покажете дека сте му пријател...

Отвори ја Библијата пред душата, која очајнички се бори со искушението, и повторно и повторно читајте ги Божјите ветувања. Тие ветувања за неа ќе бидат како лисја од дрвото на животот. Продолжи трпеливо со напорите, сé додека растреперената рака на овој човек не се фати со благодарна радост за надежта на спасението, понудена преку Христа.

Морате цврсто да ги држите оние на кои сакате да им помогнете, инаку нема никогаш да победите. Тие постојано ќе бидат искушувани и наведувани на зло. Повторно и повторно можат да се сопнат, но немојте да престанете со вашите напори поради тоа.“ – *Здравје и среќа, 172, 173.*

**б. Како оние кои се робови на лоши навики можат да победат? Псалм 119:11; 17:4.**

„Кажи им на оние што се искушувани да не гледаат ниту на околностите, ниту на сопствената слабост, ниту на силината на искушението, туку во силата на Божјата Реч.“ – *Здравје и среќа, 181.*

„Кај жртвите на лошите навики мора да се разбуди свеста од неопходност да вложат напори за самите себеси... но сето тоа ќе биде напразно, доколку самите не се разбудат и не поведат борба со себеси.

Бог ги повикува да се разбудат и со Христовата сила, повторно да ја стекнат својата од Бога дадена мажевност, која ја жртвувале на грешните попуштања.“ – *Здравје и среќа, 174.*

**в. На што треба да се фокусираат за да победат? Филипјаните 4:8; Проповедник 9:10 (прв дел).**

„Вработеноста на телото и умот претставува успешна ограда против искушението.“ – *Здравје и среќа, 177.*

## 4. ВО СЛУЖБА НА СИРОМАШНИТЕ

### а. На кого меѓу сиромашните најпрво треба да помогнеме? Галатјаните 6:10.

„Христос на Својата црква во посебна смисла ѝ ја доверил должноста да води грижа за своите сиромашни членови. Тој дозволува да постојат сиромашни во секоја црква. Тие треба секогаш да бидат меѓу нас, а врз членовите на црквата, Бог положува лична одговорност за нивната грижа.

Како што членовите на едно верно семејство се грижат едни за други, служејќи им на болните, взаемно помагајќи си, поучувајќи ги неупатените и упатувајќи ги неискусните, така и оние, кои се ‘наши во верата,’ сносат одговорност за немоќните и за оние во скудност. Не треба да ги занемариме под никакви услови и околности.“ – *Здравје и среќа, 201.*

### б. Што најчесто им недостасува на сиромашните и како можеме да им помогнеме? Изреки 13:23.

„На сиромашните, често, најуспешно можеме да им помогнеме доколку ги упатиме во практичните животни должности. Оние, кои не се воспитани да работат, најчесто не се ниту вредни, истрајни, штедливи, ниту пак склони кон самооткажување...

Вистинската сомилост и љубов кон ближните се состои во помагањето на луѓето, така што ќе ги упатиме како сами да си помогнат. Доколку некој дојде на нашата врата и побара храна, ние не треба да го отпуштиме гладен, затоа што неговата сиромаштија можеби е резултат на некоја несреќа. Меѓутоа, вистинско добродетелство значи нешто повеќе, отколку само дарување. Тоа значи искрен интерес и заземање за благосостојбата на другите. Ние треба да настојуваме да ги разбереме потребите на сиромашните и нажалените и да им ја пружиме онаа помош што им е најпотребна. Посветувањето време, мисли и лични напори, значи и бара далеку повеќе од самото давање пари. Но токму тоа е вистинско милосрдие и љубов кон ближниот.

Оние што ќе научат сами да го заработат она што го примаат, ќе знаат да го искористат тоа на најдобар начин.“ – *Здравје и среќа, 194, 195.*

### в. Што им е ветено на оние кои им помагаат на сиромашните? Лука 6:35,38; Изреки 28:27.

„Никој не чувствувал страв дека може да осиромаши поради својата дарежливост. Почитувањето на Божјите заповеди, донесувало и обезбедувало само напредок и благослов.“ – *Здравје и среќа, 187.*

„Затоа Божја намера е сиромашните и богатите да бидат тесно поврзани со синхирот на љубовта и подготвеноста да си помогнат. Оние што имаат средства, таленти и способности, треба да ги употребат тие дарови за благослов на своите ближни.“ – *Здравје и среќа, 193.*

## 5. ПОМАГАЊЕ НА БЕСПОМОШНИТЕ

**а. Кое христијанско дело на помагање исто така е дело на вистинска вера? Јаков 1:27; Еремија 49:11; Повторени закони 10:18. Кој благослов е поврзан со ова дело?**

„Кога за сиромашните е сторено сé што може да се стори за да се овозможи да си помогнат самите на себе, сé уште остануваат вдовиците и сираците, старите, беспомошните и болните, кои имаат потреба од сочувство и грижа. Таквите души никогаш не треба да бидат занемарени. Самиот Бог нив ги предал на милостивоста, љубовта и нежната грижа на сите што ги поставил за Свои управители.“ – *Здравје и среќа, 201.*

„Бог се грижи за вдовицата и за сиракот, не преку чудо, дарувајќи им мана од небото или испраќајќи гаврани да им донесат храна, туку со тоа што чудесно делува на човечките срца, изгонувајќи ја себичноста и отворајќи во нив извор на Христовата љубов.“ – *Здравје и среќа, 202.*

„Всушност самиот контакт меѓу старите и младите донесува благослов и за едните и за другите. Младите можат да ја внесат топлината на светлоста и животот во срцата на старите... а на младите можат добро да им дојдат животната мудрост и искуството на старите.“ – *Здравје и среќа, 204.*

**б. Што знаеме за беспомошните и сиромашните? Марко 14:7; Повторени закони 15:11. Зошто Бог го дозволува тоа?**

„Сите што тврдат дека се Негови следбеници, Христос ги проверува доверувајќи им да се грижат за оние што се беспомошни и целосно зависни од туѓа помош. Преку нашата љубов и услугите сторени кон Неговите деца, кои имаат потреба, ние ја докажуваме вистинитоста на нашата љубов кон Него. Со запоставувањето на таквите, ние покажуваме дека сме лажни ученици на кои Христос и Неговата љубов им се целосно непознати.“ – *Здравје и среќа, 205.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можеме да го следиме Христовиот пример во работата за заблудените?**
2. **Што можеме да научиме од начинот на кој Христос се среќавал со изопаченоста и нечистотијата?**
3. **Како можеме да им помогнеме на оние кои се борат со зависности? Што треба да запомниме?**
4. **Која класа на сиромашни луѓе никогаш не треба да ја занемариме?**
5. **Зошто Бог ги ставил сиромашните меѓу нас? Како можеме најдобро да им помогнеме?**

Сабота, 1. јуни 2019.

## Доброволен прилог во првата сабота за централата во Костарика

Костарика е земја лоцирана во јужниот дел на Централна Америка. Таа се граничи со Никарагва, Карипското Море, Панама и Тихиот Океан, заземајќи површина од 51.100 км². Костарика е планинска земја и нејзината клима варира од тропска до умерено топла со обилни дождови во поголемиот дел од годината. Костарика е благословена со повеќе од илјада видови на орхидеи и богата флора и фауна, со околу 725 видови на птици.

Костарика има околу 5 милиони жители од кои 50% живеат во рурални области. Службен јазик е шпанскиот, иако многумина зборуваат и англиски. Службена религија е римокатоличката; сепак, верската слобода е загарантирана со Уставот на земјата.

Пораката на реформацијата првпат дошла во Костарика во 1989. година преку напорите на еден колпортер и неговото семејство. Тие посетиле повеќе провинции во земјата, ширејќи литература и одржувајќи јавни состаноци и здравствени семинари. Со тешки напори во проповедањето на вечното евангелие наспроти преовладувачкиот верски традиционализам, воспоставено е делото во главниот град Сан Хозе. Неколку приврзаници започнале да се собираат на богослужение во домот на колпортерот. Благодарение на Бога, наскоро се крстија девет души, додека многу други посетители продолжија да ги посетуваат нашите богослужби.

Од тогаш, мисионерското дело се проширило и сега е организирано како Јужна мисија во Централна Америка. Оваа мисија го опфаќа делото во Никарагва, Костарика и Панама. Наша цел, преку напорите на нашите работници, проповедници, браќа и сестри воопшто, е наскоро да станеме Унија. Поради оваа причина, браќата и сестрите од оваа мисија ја увиделе потребата од централа и службени простории кои ќе бидат лоцирани во Костарика.

И покрај тоа што се богати со вера, нашите браќа се сиромашни со материјални добра. За да можеме да го развиеме нашиот проект ќе ни бидат потребни околу 220.345 американски долари. Поради тоа, апелираме до нашите драги браќа, сестри и пријатели ширум светот да нè поддржат со своите великодушни дарови за овој важен проект кој ќе биде од корист за развојот на делото во јужниот дел на Централна Америка. Бог обилно нека ве благослови.

*Вашите браќа и сестри од Костариканската мисија*

# Избавување од болести

**„И ќе ја отстрани од тебе Господ, секоја немоќ, и никакви лути египетски болести (што си ги видел и) што ги знаеш, нема да испрати врз тебе, туку ќе ги испрати на сите што те мразат.“ – Повторени закони 7:15.**

*„Телото мора да се одржи во здрава состојба, за да може душата да биде здрава. Состојбата на телото влијае на состојбата на душата. Секој што сака да биде физички и духовно силен мора правилно да го воспита својот апетит. Мора да внимава да не ја оптоварува душата трошејќи ги своите физички или духовни сили. Верното спроведување на правилните начела во јадењето, пиењето и облекувањето е должност која Бог ја ставил врз човечките битија.“ – Evangelism, p. 261.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Sons and Daughters of God, pp. 168–176.*

Недела 26. мај

## 1. ГРЕВ И БОЛЕСТ

**а. Каков е односот помеѓу гревот и болеста? Псалм 103:3,4; Јован 5:14.**

_____

_____

„Денес има илјадници, кои страдаат од некоја физичка болест, кои како парализираниот копнеат за пораката: ‘Ти се простуваат гревовите.’ Токму товарот на гревот, со својот немир и незадоволени желби е темел на нивните болести. Тие не можат да најдат олеснување, сé додека не дојдат кај Лекарот на душите. Само мирот што Тој може да го даде, ќе ги обнови силата на умот и здравјето на телото.“ – *Здравје и среќа, 77.*

**б. Кој единствено може да обезбеди противотров? Малахија 4:2.**

_____

„Многумина многу повеќе страдаат од душевни болести отколку од телесни болести, и тие не можат да најдат олеснување сè додека не дојдат кај Христа – изворот на животот.“ – *My Life Today, p. 154.*

## 2. ИСКУСТВОТО НА ИЗРАЕЛ

**а. Кое ветување Бог им го дал на Израелците во поглед на нивното здравје, и како Тој ги исполнил овие ветувања? Излез 23:25.**

„На Израелците во старо време Господ им дал ветување дека ако цврсто се држат до Него и ги почитуваат сите Негови заповеди, ќе ги сочува од сите болести што ги пуштил на Египет. Тоа ветување било дадено под услов на послушност. Кога Израелците би се покорувале на поуките кои ги добиле и ги користеле своите предности, тие за светот би биле пример за здравје и напредок. Но тие пропуштиле да го остварат Божјиот план и затоа не ги примиле благословите што им биле наменети. Сепак, Јосиф и Даниел, Мојсеј и Илија, како и многу други, даваат прекрасен пример што може човекот да постигне ако во својот живот се држи до исправни навики. Со истата верност кон начелата и денес би се постигнале истите резултати.“ – *9. Сведоштво, 165.*

**б. Каква била физичката состојба на Израелците додека патувале низ пустината? Псалм 105:37. Што ни зборува ова за Божјата моќ?**

„Со чудото на милоста, Тој ги хранел со небесен леб. Храната која им била дадена била таква што ги унапредувала нивните физички, ментални и морални сили, и... мудроста на Божјиот избор за нив била потврдена на начин кој тие не можеле да го побијат. Без оглед на тешкотиите на нивниот живот во пустината, во ниту едно нивно племе немало изнемоштени.“ – *This Day With God, p. 77.*

**в. Како послушноста кон Бога носи избавување од болести? Излез 15:26; Повторени закони 7:12,15.**

„Бог сака ние да ги достигнеме стандардите на совршенството што ни се овозможени преку Христа. Тој не́ повикува да го направиме вистинскиот избор, да се поврземе со Небесните сили и да ги прифатиме принципите, кои ќе го обноват во нас Божјиот лик. Тој ги открил животните принципи во Неговата Пишана Реч и во големата книга на природата. Наша должност е да се здобиеме со знаење за тие принципи и во послушност да соработуваме со Него во обновувањето на здравјето на телото и душата.“ – *Здравје и среќа, 114,115.*

## 3. ИСУС, ИСЦЕЛИТЕЛОТ

### а. Што претрпел Христос за да можеме да бидеме избавени од гревот и болеста? Исаија 53:5.

„Погледнете го Божјиот Син во пустината на искушенијата, во времето на најголемата слабост, под налетот на најтешките искушенија. Набљудувајте Го во годините на Неговата проповедничка служба, нападнат од злите сили на сите страни. Погледнете Го во смртните маки на крстот. Сето тоа Тој го претрпел поради нас.“ – *8. Сведоштво, 209.*

### б. Што донесува исцелувањето на телото и душата? Изреки 4:20-22;3:7,8.

„Сигурноста на Божјото одобрување ќе го унапреди телесното здравје. Тоа ја зајакнува душата во борбата против сомнежот, збунетоста и прекумерната тага кои многу често ги исцрпуваат животните сили и предизвикуваат најтешки болести на нервниот систем. Господ ветил преку својот непроменлив збор дека Неговото око ќе биде над праведните и Неговото уво ќе биде отворено за нивните молитви, но Тој се спротивставува на сите кои прават зло.“ –*The Review and Herald, October 16, 1883.*

„Возвишеното влијание на Божјиот Дух е најдобро средство за оздравување на болните. На небото нема болести, туку има само здравје, и доколку заболениот е повеќе подложен на небесните влијанија, дотолку е посигурно неговото оздравување.“ – *1. Сведоштво, 556.*

### в. Како Исус ни помага кога сме болни? Матеј 8:17; 11:28-30.

„Христовата љубов, го проткајува целото битие со својата животворна сила и ги обновува здравјето и силата на најважните животни органи силата на мозокот, срцето и нервите; таа ги поттикнува на работа највозвишените сили на човечкото битие. Ја ослободува душата од вина и тага, од немир и грижа, кои ги уништуваат животните сили. А со неа доаѓаат спокојство и сталоженост; таа во душата буди радост, која не може да ја уништи ништо земно - радост во Светиот Дух, радост, која донесува здравје и живот.

Зборовите на нашиот Спасител: ‘Дојдете кај Мене... и Јас ќе ви дадам одмор’ (Матеј 11:28), претставуваат Божји рецепт за исцелување од физичките, менталните и духовните заболувања. И покрај тоа што луѓето, заради сопствените грешки, си навлекле страдања, Тој гледа кон нив со сомилост. Тие можат да најдат помош во Него. Тој ќе направи големи дела за оние што имаат доверба во Него.“ – *Здравје и среќа, 115.*

## 4. ЗДРАВ ЖИВОТ

### а. Која е Божјата желба за Неговиот народ денес? 3. Јованово 2.

„Вие сте Господови затоа што Тој ве создал. Негови сте и со откупот, бидејќи за вас го дал Својот живот... Чувајте го секој дел од живата машинерија за да можете да го употребите за Господа. Сочувајте ја за Него. Вашето здравје зависи од тоа колку правилно се служите со вашиот телесен организам. Не злоупотребувајте ниту еден единствен дел од способностите кои сте ги добиле од Бога – физички, ментални или морални. Сите ваши навики треба да бидат под контрола на умот кој и самиот е под Божја контрола.“ – *Sons and Daughters of God, p. 171.*

### б. Кој став ни помага во совладувањето на болеста? Изреки 17:22; 13:12.

„Свеста дека исправно постапуваме е најдобриот лек за заболените тела и умови. Оној кој е во мир со Бога, го обезбедил најважниот предуслов за добро здравје. Господовиот благослов е живот за оној кој го прима.“ – *The Signs of the Times, June 15, 1882.*

„Душевното расположение во многу нешта е поврзано со здравјето на целиот организам. Свеста дека правиме добро и чувството на задоволство поради тоа што сме усреќиле други, донесува радост на душата и вистинска среќа, а таквото расположение поволно влијае на сите органи, ја оживува циркулацијата на крвта и го зацврстува целото тело.“ – *4. Сведоштво, 57.*

### в. Кои несебични постапки помагаат во обнова на нашето здравје? Исаија 58:6-8,10,11.

„За оној кој страда заради слабо здравје постои лек. Ако го облечеш голиот и го примиш сиромавиот кој дошол пред твојата врата и ако му дадеш леб на гладниот ‘тогаш ќе светне твоето видело како зора, здравјето твое брзо ќе процвета.’ Да правиш добро - тоа е одличен лек за секоја болест.“ – *2. Сведоштво, 29.*

„Ако во грижата за другите заборавите на себе, стекнувате победа над своите слабости. Задоволството кое ќе го почувствувате правејќи добро, ќе ви помогне во голема мера постепено да ги победите нездравите наклоности на својата фантазија. Тоа задоволство го подига духот и струи низ целото тело.“ – *2. Сведоштво, 534.*

## 5. ДА НАЈДЕМЕ ИЗБАВУВАЊЕ ДЕНЕС

**а. Што Бог бара од нас денес во поглед на нашиот телесен живот? Римјаните 12:1; 1. Коринтјаните 6:19,20.**

„Господ бара жива жртва на умот, душата, телото и силата. Сè што имаме и сме треба да му го дадеме Нему, за да можеме да одговориме на целта на нашето создавање. Но, ако не внимаваме на светлината и упатствата кои ни се дадени во Божјото Слово, мудро да зборуваме и практично да делуваме во однос на јадењето и пиењето, ќе станеме сè послаби и поболни...

Неопходно е секој верник да биде строго умерен. Луѓето од овој свет им попуштаат на опасните навики, нарушувајќи ги со тоа од Бога дадените чувства и способности за распознавање на светите работи. Моралното чувство на многумина што живеат во денешно време е замаглено од погрешните навики.“ – *Manuscript Releases, vol. 20, pp. 3, 4.*

**б. Каква молитва можеме да му упатиме на Бога за помош? Псалм 119:153,154.**

„Бог не се променил, ниту пак има намера да го измени нашето тело, за да можеме да престапуваме дури и еден единствен закон и да не ги чувствуваме последиците на тој прекршок. Меѓутоа, многумина своеволно ги затвораат очите пред светлината... Попуштајќи им на своите склоности и на апетитот, тие ги кршат законите на животот и здравјето; и доколку ја послушаат совеста, нив во облекувањето и во јадењето ќе ги води начелото, а не склоноста, модата и апетитот.“ – *Совети за животот и исхраната, 161.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како простувањето на гревот влијае на физичкото здравје?**
2. **Што нè спречува денес да бидеме поука за светот во поглед на здравјето?**
3. **Како животот во склад со Бога влијае на моето здравје? Како можам да го добијам Божјото одобрување?**
4. **Кој е најдобриот лек за оние со физички и ментални болести?**
5. **Како денес можам да бидам “строго умерен“? Зошто ова е толку важно?**

# Избавување од нашите непријатели

**„Си приготвил пред мене трпеза пред очите на непријателите мои, си ја помазал главата моја со миризливо масло; и чашата моја се прелева.“ – Псалм 23:5.**

*„Нашата помош е единствено во Бога. Не треба да си ласкаме себеси дека имаме било каква мудрост затоа што нашата сила е всушност слабост, нашето расудување е несигурно. Христос го совладал непријателот место нас затоа што сочувствувал со нашите слабости и знаел дека ќе бидеме совладани и изгубени доколку Тој не ни помогне.“ – That I May Know Him, p. 269.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Големата борба, 505-510.*

Недела 2. јуни

## 1. НАШИОТ ГОЛЕМ ПРОТИВНИК

**а. Кој е нашиот најголем непријател, и како тој се покажува? 1. Петрово 5:8.**

„Колку е посличен еден христијанин на својот божествен Пример, толку е посигурно дека ќе стане мета на сатанските напади.“ – *Големата борба, 510.*

„Луѓето под влијание на злите духови ќе прават чуда. Фрлајќи ги своите магии врз луѓето тие ќе ги разболат, а потоа ќе ја отстранат магијата, наведувајќи ги другите да кажат дека болните чудесно оздравеле. Сатаната со ова се послужил многу пати.“ – *Selected Messages, bk. 2, p. 53.*

**б. Зошто тој работи толку ревно против нас? Откровение 12:12.**

„Сатаната вредно ја проучува Библијата. Тој знае дека Неговото време е кратко и прави сè што е во Негова моќ да се спротивстави на Господовото дело на оваа земја.“ – *9. Сведоштво, 16.*

„Наскоро, многу наскоро, засекогаш ќе се одлучи големата борба која сатаната ја предизвикал во небесните дворови... Сатаната сега, како никогаш порано, ја употребува својата моќ на измама за да ја заведе и уништи секоја невнимателна душа.“ – *7. Сведоштво, 141.*

## 2. ЗАШТИТА ОД НАШИТЕ НЕПРИЈАТЕЛИ

### а. Кога ќе нè обесхрабри делото на непријателот, што може да ни ја поврати храброста? Псалм 61:1-3; Исаија 59:19 (втор дел).

„Непријателот не може да го совлада Христовиот понизен ученик, оној кој оди со Бога во молитва. Самиот Христос е Негова заштита и засолниште од нападите на лукавиот...

Во целото царство на сатаната не постои сила која може да ја спречи покајничката душа која со едноставна доверба се потпира на мудроста која доаѓа од Бога.

Христос е наша моќна тврдина и сатаната не може да има никаква власт над душата која во смерноста на духот живее еднакво според Божјата волја... Секоја искушувана и напатена душа во Христа може да најде совршена и целосна помош. Опасностите и искушенијата можат да надојдат од сите страни, но целото небо будно внимава ниту еден од оние кои се во искушение да не биде изложен на потешко искушение од она кое може да го поднесе... Ако несебично и со целото срце се посветиме на делото, не отстапувајќи ни најмалку од начелата, Господ ќе ја испружи својата семоќна рака и ќе се покаже како силен помошник. Ако гледаме во Христа како во Оној во кого можеме да имаме доверба, Тој никогаш нема да нè изневери во било каква опасност.“ – *My Life Today, p. 316.*

„Во секојдневниот живот ќе се сретнете со ненадејни изненадувања, разочарувања и искушенија... Гледај на Исуса во секое време и секогаш, подигајќи тивка молитва од искрено срце, за да знаеш како да ја исполниш Неговата волја. Потоа, кога непријателот ќе дојде како поплава, Господовиот Дух ќе подигне знаме против него.“ – *Темели на среќниот дом, 173.*

### б. Како можеме да се издигнеме над нашите непријатели? Псалм 119:98; Изреки 16:7.

„Кога нашиот духовен вид би бил поизострен, би ги виделе душите наведнати поради товарот, обземени со тага, притиснати како кола со снопје, како обесхрабрени ја бараат смртта. Би ги виделе ангелите како брзо летаат во помош на оние кои се обидуваат и стојат на самиот раб на пропаста. Небесните ангели ги потиснуваат војските на злото кои ги опкружуваат овие души, и ги поставуваат нивните стапала на сигурен темел. Битките кои се водат помеѓу овие две војски се вистински како и борбите на овој свет, и од исходот на овој духовен судир зависи вечната судбина на мнозина.“ – *Мисли од Гората на блаженството, 119.*

## 3. НЕРИЈАТЕЛИ КОИ НИ ЗАДАВААТ ДЛАБОКИ РАНИ

**а. Откаде понекогаш доаѓаат нашите „непријатели“? Михеј 7:6; Зошто? Амос 3:3.**

---

„Меѓу верниците и неверниците постои основна разлика во вкусот, во навиките и намерите. Секој од нив му служи на друг господар кои никогаш не можат да се сложат.“ – *Патријарси и пророци, 174.*

**б. Кој се свртел против Давид? Псалм 41:9. Каква гаранција му е дадена на Давид додека барал утеха од Бога? Псалм 41:11,12.**

---

„Кога сте отфрлени како престапници, кога пријателите ќе се свртат против вас, сетете се како се постапувало со Исуса додека бил на оваа земја. Шпионите постојано го следеле за да најдат нешто поради кое би можеле да го обвинат. Може ли Неговите следбеници да очекуваат со нив да се постапува подобро отколку што се постапувало со Него.“ – *Historical Sketches, p. 234.*

**в. Прераскажи го сличното искуство што го имал Исус. Лука 22:48.**

„Предавникот Јуда не ја заборавил улогата што требало да ја одигра. Кога толпата влегла во градината, тој одел напред, а веднаш по него одел првосвештеникот. На Исусовите прогонувачи им дал знак, велејќи: ‘Оној што ќе го бакнам, Тој е, држете го.’ (Матеј 26:48) Сега се однесувал како да нема никаква врска со нив. Приближувајќи се кон Исуса, Го фатил за рака како Близок пријател. Со зборовите: ‘Здраво, Рави!’, Го бакнал неколку пати, преправајќи се дека плаче и сочувствува со Него во Неговата опасност.

Исус му рекол: ‘Пријателе, зошто дојде?’ Гласот болно му треперел, кога додал: ‘Јуда, зар со бакнеж Го предаваш Синот Човечки?’ Овој апел требало да ја разбуди совеста на предавникот и да го трогне неговото тврдо и упорно срце; меѓутоа честа, верноста и човечката нежност исчезнале од неговата душа. Стоел дрско и предизвикувачки, не покажувајќи никаква склоност да попушти. Тој себеси се предал на сатаната и веќе немал сила да му се спротивстави. Исус не одбил да го прими бакнежот од предавникот.“ – *Копнежот на вековите, 695,696.*

## 4. ИЗБАВУВАЊЕ ПРЕКУ ЉУБОВ И ДОБРИНА

**а. Како треба да се однесуваме кон оние кои нѐ повредуваат? Каков пример ни оставил Христос во тој поглед? Матеј 5:43-47; Римјаните 5:6-8.**

„Христос не нé сака затоа што ние први сме го засакале Него, туку Тој умрел за нас ‘уште додека бевме грешници.’ Тој не постапува со нас според нашите заслуги. И покрај тоа што според нашите гревови ние заслужуваме само осуда, Тој нас не нé осудува. Година по година, Тој ги поднесувал нашите слабости, незнаења, неблагодарности и непослушности. И покрај нашето застранување, закоравеноста на нашите срца, нашето занемарување на Неговиот свет збор, Неговата рака е сé уште испружена.“ – *Здравје и среќа, 161.*

„Дури и грешниците чии срца не се сосем затворени за дејството на Духот Божји, ќе одговорат на љубезноста; кога можат на омразата да одговорат со омраза, тие исто така на љубовта ќе одговорат со љубов. Меѓутоа, само Божјиот Дух и на омразата одговара со љубов. Да се биде пријатен кон неблагодарните и злите, да се прави добро и да има надеж дека тоа ќе ни се врати тоа се карактеристиките на небесното царство, сигурен знак со кој децата на Највисокиот го откриваат својот возвишен карактер.“ – *Мисли од Гората на блаженството, 75.*

**б. Како можеме практично да ги сакаме нашите непријатели? Римјаните 12:20,21.**

„Ние до судот можеби никогаш нема да дознаеме какво е влијанието на љубезното, внимателно однесување кон недоследните, неразумните и недостојните. Ако после провокација и неправда со нив постапувате како кон невини личности и дури и се трудите да им укажете посебни дела на љубезност, вие тогаш сте го извршиле својот христијански дел, а тие ќе бидат изненадени и засрамени, и ќе ги согледаат сопствените дела и подлоста појасно отколку отворено да ги изнесете нивните зли постапки и да ги укорите.“ – *Medical Ministry, pp. 209, 210.*

**в. Кажете го времето кога е покажан ваков дух. Какви биле резултатите? 2. Цареви 6:18-23.**

„Секој збор на љубов, секој чин на љубезност – дури и чаша студена вода која е дадена во Христово име – ќе биде признаена и наградена.“ – *The Signs of the Time, February 10,1888.*

## 5. БОГ ДАВА ПОБЕДА

**а. Како можеме да го победиме нашиот најголем непријател, ѓаволот? Јаков 4:7-10.**

---

„И за нас важат зборовите упатени на Петар: ‘Ете, сатаната посака да ве сее како пченица; но Јас се молев за тебе за да не се изгуби твојата вера’ (Лука 22:31,32). Фала му на Бога, не сме оставени сами. Тој ‘толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот’ (Јован 3:16), нема да нѐ препушти во таа борба на непријателот на Бога и на луѓето.“ – *Мисли од Гората на блаженството, 119.*

**б. Како Бог ни ветува дека ќе нѐ избави? Псалм 50:15.**

---

„Пријатно и трајно ќе биде влијанието кое струи од Оној, кој го гледа она што е тајно, чие уво е отворено да ја чуе молитвата што излегува од срцето. Со смирена и едноставна вера човекот ја одржува врската со Бога и ги собира зраците на божествената светлина за да зајакне и да се одржи во судирот со сатаната.“ – Патот кон Христа, 98.

„Сатаната трепери и бега и од најслабата душа која наоѓа прибежиште во тоа моќно име.“ – *In Heavenly Places, p. 256.*

„Кога разговорот на душата со Бога ќе стане навика, силата на злото се руши бидејќи сатаната не може да живее во близина на душата која му се приближува на Бога. Ако Христос е ваш сопатник, тогаш нема да негувате празни и нечисти мисли, нема да се оддадете на безначајни зборови.“ – *That I May Know Him, p. 250.*

Петок 7. јуни

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што треба да имаме во предвид доколку согледаме дека животот ни е лесен, без никакви борби со непријателот?**
2. **Што ја прави душата непобедлива за нападите на непријателот?**
3. **Зошто понекогаш се караме со роднините и побожните пријатели? Кој друг имал такво искуство?**
4. **Што делува најуспешно во справувањето со недоследните и неразумните?**
5. **Како молитвата ни дава победа над нашите непријатели?**

# Бог го избавува својот народ

**„Бидејќи се надеваше во Мене, и ќе го избавам, и ќе го заштитам, зашто го позна името Мое. Ќе повика кон Мене, и ќе го чујам; со него ќе сум во неволја; ќе го избавам и ќе го прославам.“ – Псалм 91:14,15.**

*„Меѓутоа Бог сака да се сетиме на Неговите постапки во минатото - како го спасувал Својот народ од непријателите. Тој Својата моќ за ослободување секогаш ја покажувал во крајна потреба, кога се чинело дека повеќе нема спас од нападите на сатаната. Човечката неволја за Бога е најдобра прилика да им помогне.“ – 5. Сведоштво, 714.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Големата Борба, 582-602.*

Недела 9. јуни

## 1. ИЗБАВУВАЊЕ СО ПОМОШ НА НЕВИДЛИВО ОРУЖЈЕ

**а. Кога Елисеј бил опкружен со коњите и кочиите на сириската војска, неговиот слуга бил вознемирен. Што му рекол Елисеј? 2. Цареви 6:16.**

_____

_____

**б. За што се молел Елисеј, и како Бог одговорил на неговата молитва? 2. Цареви 6:17. Како можеме да имаме иста заштита во денoвите на неволја?**

_____

„Помеѓу Божјите слуги и непријателската војска се наоѓала војска од небесни ангели. Тие се симнале во сѐта своја сила, не да уништат ниту да изнудат покорност, туку да ги обиколат и заштитат слабите и немоќни Господови слуги.

Кога ќе западне во неволја, од која изгледа дека му нема спас, Божјиот народ мора да се надева единствено во Господа.“ – *Пророци и цареви, 257.*

„Молете се многу. Бидете подготвени да се откажете од сѐ она што ве одделува од Бога. Тогаш, во денот на неволја, Тој ќе ви помогне и ќе ве сокрие под сенката на своите крилја.“ – *Historical Sketches, p. 234.*

## 2. ИЗБАВУВАЊЕ ПРЕКУ ПОСЛУШНОСТ

**а. Низ каков тест поминале тројцата пријатели на Даниел? Даниел 3:4-6. Каков бил нивниот одговор? Даниел 3:12.**

---

**б. Кога биле изведени пред царот и добиле втора шанса, каков одговор дале тројцата младичи? Даниел 3:16-18.**

---

„Совеста во однос на тоа што е Божјо е света ризница, во која ниту едно човечко суштество, без разлика на својата положба, нема право да се меша. Навуходоносор им понудил на Евреите уште една можност, и кога тие одбиле, се разгневил и наредил огнената печка да се загрее седум пати повеќе од вообичаеното. Им рекол на заробениците дека ќе ги фрли во таа печка. И тогаш дошол одговор полн со верба: Нашиот Бог на кого Му служиме може да нѐ избави; но и ако не го стори тоа, ние и понатаму ќе му останеме верни на Бога.“ – *Ум, карактер и личност, том 1,327.*

**в. На кој начин Бог ги избавил? Даниел 3:19-27. Што признал царот? Даниел 3:29 (втор дел).**

---

„Ние треба сега да одлучиме, како некогаш Даниел и неговите другари во Вавилон, дека ќе бидеме верни на начелата, без разлика на тоа што ќе се случи. Ниту вжарената печка, седум пати пожешка од обично, не ги предомислила овие верни Божји слуги да се одречат од верност кон вистината. Останале цврсти за време на најголемите неволји и искушенија и дури биле и фрлени во печката, но Бог не ги напуштил. Обликот на четвртото битие се видело како оди по средината на вжарената и пламена печка; а кога излегле надвор на нивната облека не се осетил дури ни мирисот на чадот.“ – *Life Sketches, pp. 329, 330.*

„Ако поради Христа треба да поминете низ огнената печка, Исус ќе биде со вас. ‘Преку води ли ќе минуваш - Јас сум со тебе; преку реки ли - тие нема да те потопат; ако тргнеш преку оган, нема да се изгориш, и пламенот нема да те обгори’ (Исаија 43:2).“ – *Our High Calling, p. 358.*

## 3. ИЗБАВУВАЊЕ ПРЕКУ ПОСРЕДУВАЊЕ

**а. Како сатаната влијаел врз персискиот цар да издаде декрет против Божјиот народ? Естира 3:12,13.**

„Аман бил исполнет со омраза кон Мардохеј, Евреин. Мардохеј не му направил никакво зло на Аман, само што не сакал да му се поклонува со стравопочитување. Мислејќи дека ‘не е вредно да крене рака на самиот Мардохеј.’ Аман ‘гледаше да ги истреби сите Јудејци што беа по целото царство Асвирово, народот на Мардохеј.’ (Естира 3:6).

Измамен од Амановите зборови, Ксеркс бил наведен да издаде заповед да се убијат сите Евреи народ ‘расеан и растурен по народите по сите провинции’ на Медо-Персиското царство. Во одреден ден требало да се уништат сите Евреи и да се заплени нивниот имот. Царот не согледал до какви далекусежни последици би дошло кога таа заповед би се спровела во потполност. Сатаната бил скриен поттикнувач на целиот план и се трудел да ги тргне од земјата оние кои што го сочувале знаењето за вистинскиот Бог.“ – *Пророци и цареви, 600,601.*

**б. Што презела Естира како одговор на издадениот декрет? Естира 4:15-17.**

„Со посредство на царицата Естира Господ извршил силно избавување за Својот народ. Во моментот кога изгледало дека не постои сила која може да ги спаси, Естира и нејзините девојки со пост, молитва и брза акција се соочиле со проблемот и донеле ослободување и спас за целиот нивен народ.“ – *Коментари на библиски текстови, 240.*

**в. Како Господ интервенирал за да го избави Својот народ? Естира 8:11-14; 9:1,2.**

„Бог чудесно работел за Својот народ кој се покајал. Царот издал втора заповед, која им допуштила да се борат за својот живот. Таа заповед гласниците на коњите брзо ја разнеле по сите краишта на царството... Ангелите кои се ненадминливи по сила, беа поставени од Бога на должност да го штитат Неговиот народ кои беа собрани да ‘го бранат својот живот.’ (Естира 9:16).“ – *Пророци и цареви, 602.*

## 4. ИЗБАВУВАЊЕ ВО ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ

**а. Каква голема проба ќе дојде врз Божјиот народ непосредно пред второто Христово доаѓање? Откровение 13:15-17.**

„Декретот издаден од највисоките земски власти од нив ќе бара, под закана на прогонства и смрт, да му се поклонат на ѕверот и да го примат неговиот белег. Бог сега нека му помогне на Својот народ, бидејќи што ќе може да направи во таа ужасна борба без Неговата помош!

Храброста, постојаноста, верата и безрезервната доверба во Божјата моќ за спасение не можат да се стекнат за еден миг. Тие небесни благодети се стекнуваат со долгогодишно искуство. Божјите деца ја запечатуваат својата судбина со животот на света истрајност и непопустлива приврзаност кон правдата. Обземени со безбројни искушенија, тие знаат дека мораат да се спротивстават решително или да подлегнат. Тие чувствуваат дека мораат да извршат големо дело и дека секој момент можат да бидат повикани да го положат своето оружје. И ако дојдат до крајот на својот живот со недовршено дело, тие би претрпеле вечна загуба.“ – *5. Сведоштво, 213.*

**б. Кој ќе му се поклони на овој лажен систем на богослужба? Откровение 13:8.**

**в. Како можеме да ги зачуваме нашите имиња во книгата на животот? Откровение 3:5.**

„Ако сакаме да бидеме победници, ние треба да го испитаме нашето срце за да бидеме сигурни дека не негуваме ништо што е навредливо за Бога. Ако сепак негуваме, не можеме да ја облечеме белата облека која ни е ветена. Ако сакаме да бидеме пред Бога облечени во бела облека, која претставува праведност на светите, мораме сега да работиме на тоа да се победиме себеси...

Чии имиња нема да бидат избришани од книгата на животот? Само имињата на оние кои го љубеле Бога со сите сили на своето битие, а своите ближни како самите себе.“ – *Lift Him Up, p. 326.*

„Ве молам, во Христово име, да ги исповедате своите гревови и да ги поправите своите патишта за да не биде избришано вашето име од книгата на животот, туку да биде признато пред Отецот и пред Неговите ангели. Исус се повикува на Својата крв пред Отецот; и сега, додека милоста уште се задржува и се продолжува времето на милост, барајте одобрување од Небото“– *Reflecting Christ, p. 57.*

## 5. БОЖЈИ ПОБЕДНИЦИ

**а. Како можеме да станеме победници во последната голема борба со злото? Откровение 12:11.**

„Со Христовата благодат ние мораме да станеме победници; благодарение на заслугите на Неговата крв ние можеме да бидеме во оној број чии имиња нема да бидат избришани од книгата на животот.“ – *This Day With God, p. 175.*

„Искушаните и верни деца добиваат чисти облеки на Христовата праведност. Презрениот Остаток ќе биде облечен во прекрасна облека која расипаноста на светот нема да може никогаш да ја извалка. Нивните имиња остануваат во книгата на животот на Јагнето, покрај имињата на верните во сите векови. Тие одолеале на лукавството на измамникот; рикот на змејот не успеал да ги совлада за да се одречат од својата верност. Сега тие засекогаш се безбедни од нападите на сатанските орудија.“ – *Пророци и цареви, 591.*

**б. Што им е ветено на оние кои ќе останат верни? Откровение 2:7,10; 3:21.**

„Мораме да учествуваме во борбата ако сакаме да го носиме венецот на победата. Мораме да се усовршуваме низ страдања, како и Исус... Можеме да одиме безбедно по најмрачната патека, ако ни е водич Светлината на светот.“ – *5. Сведоштво, 71.*

„Откупените свети кои имале љубов кон Бога и ги држеле Неговите заповеди, ќе влезат низ портите на градот, и ќе имаат право на дрвото на животот.“ – *My Life Today, p. 355.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **На каква жртва треба да бидеме спремни секој ден во процесот на подготовка за избавувањето кое Бог сака да ни го овозможи во иднина?**
2. **Како јас, како и тројцата другари на Даниел, можам денес да им бидам верен на начелата?**
3. **Како Бог го спасил Својот народ во времето на Естира? Што можеме да научиме од ова?**
4. **Кои имиња ќе бидат сочувани во книгата на животот?**
5. **Што значи да ја имаме „Светлината на светот како наш водич“?**

# Избавување од уништување

**„Бидејќи се надеваше во Мене, и ќе го избавам, и ќе го заштитам, зашто го позна името Мое.“ – Псалм 91:14.**

*„Така Бог ќе ги истреби безбожниците од земјата. Но праведниците среде сите тие потреси и метежи ќе бидат сочувани како Ное што бил сочуван во ковчегот. Бог ќе биде нивно прибежиште и ќе се засолнат под неговите крилја.“ – Патријарси и пророци, 110.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Големата борба, 613-634.*

Недела 16. јуни

## 1. ЗЕМЈАТА СТЕНКА

**а. Каква е состојбата на целата земја, како последица на гревот? Римјаните 8:22.**

„Човечкиот грев донел неизбежни последици – распаѓање, деформација и смрт. Денес целиот свет е загаден, корумпиран и погоден од смртна болест. Сè што е на земјата воздивнува и тагува поради товарот на постојаните престапи на нејзините жители.

Проклетството ги притиска не само земјата и човекот, туку и животните и рибите во морето, и бидејќи престапот е распространет насекаде, ќе биде дозволено и проклетството да биде распространето така длабоко како и самиот престап.“ – *Коментари на библиски текстови, 18.*

„Додека ‘целото создание заедно со нас стенка’ (Римјаните 8:22), срцето на Бесконечниот Татко сочувствува во болката. Нашиот свет е голема куќа на јадови, сцена на таква беда што не се осмелуваме да им дозволиме на нашите мисли да се занимаваат со неа. Нашиот товар би бил страшен кога би согледале колкава е таа. Но, Бог го чувствува сето тоа. За да ги уништи гревот и неговите последици, Тој Го жртвувал Своето Најмило и нам ни дал моќ, преку соработка со Него, да и ставиме крај на таа сцена на беда. ‘И ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот’ (Матеј 24:14).“ – *Воспитување, 263,264.*

## 2. ПЛАНИРАНА ОБНОВА

**а. Кој е Божјиот план во однос на Земјата? Откровение 21:5; Исаија 65:17.**

---

„Земјата ветена на кротките нема да биде слична на оваа замрачена со сенката на смртта и проклетствата. 'Но ние, според Неговото ветување, очекуваме ново небо и нова земја, на кои ќе се настани правда.' (2. Петрово 3:13) 'И нема веќе да има никакво проклетство; престолот на Бога и на Јагнето ќе биде во градот; Неговите слуги ќе Му служат.' (Откровение 22:3)

Таму нема разочарувања, нема болки ни грев, никој нема да каже: болен сум; таму нема погребни поворки, нема плачење, нема смрт и скрушени срца бидејќи таму е Исус, таму е мир. Таму спасените 'нема да трпат глад и жед, нема да ги удри припек и сонце; зашто Оној, Кој ги милува, ќе ги води и ќе ги доведе при извори водни.' (Исаија 49:10)." – *Мисли од Гората на блаженството, 17,18.*

**б. Како треба да одговориме на Божјите планови за иднината? Што е кажано за оние кои живеат таму? 2. Петрово 3:13.**

---

„Наскоро ќе настанат ново Небо и нова Земја, каде што живее правдата. Господ ми покажа дека нашите умствени, физички и морални сили, под водството на Светиот Дух, ќе бидат обучени да го завршат делото во својата чистота, во својата благородност, без ниту една сатанска наука која би го уништила примерот кој ни го оставил Христос. Силите и способностите посветени во праведност ќе бидат вработени, зајакнати и подготвени да вршат дела одредени од Небото." – *The Upward Look, p. 97.*

„Дали како народ доволно размислуваме за оваа опомена? Ако не обрнеме внимание на неа, ако кон неа се однесуваме рамнодушно, ако дозволиме нашето внимание да го привлечат земните, минливи работи, и ако го изгубиме чувството за неопходноста на молитвата, ќе се најдеме меѓу оние кои не се достојни да побегнат. Нашата прва мисла треба да биде Христовата праведност. Нашиот примарен интерес треба да биде Божјото дело." – *The Signs of The Times, December 5,1895.*

**в. Кои други благослови Бог ќе им ги даде на верните? Исаија 65:21,22,25.**

## 3. УНИШТУВАЊЕ НА СТАРОТО

**а. Пред Бог да може да создаде нешто ново, што прво мора да се случи со старото? 2. Петрово 3:10; Исаија 51:6.**

---

**б. Со кое средство ќе се послужи Бог за да го уништи светот? 2. Петрово 3:6,7. Кој ќе страда во ова уништување? Лука 3:17.**

---

„Нозете на грешникот никогаш нема да ја осквернат обновената земја. Од Небото од Бога ќе се спушти оган и ќе ги проголта – ќе изгорат и коренот и гранките. Сатаната е коренот, а неговите деца се гранките.

Истиот оган од Бога, кој ги проголта непокајаните, воедно ќе ја очисти и целата земја. Распаднатите, расфрлани карпи се стопија на високата температура и се распаднаа, целата слама изгоре. Тогаш пред нас се појави нашето наследство, славно и прекрасно, и ние ја наследивме целата обновена земја.“ – *Maranatha, p. 351.*

**в. Како ова сознание на Божјите планови за уништување треба да влијае на нашиот секојдневен живот? 2. Петрово 3:11,12,14.**

---

„На секој чекор се наоѓаат привлечности кои го одвраќаат нашиот ум од размислување за доаѓањето на нашиот Господ и Спасител; но неопходно е да имаме на ум дека ‘блиску е големиот ден Господов, блиску е и доаѓа многу брзо.’ Небесниот Бог ни даде многу опомени, повици и упатства, за да бидеме спремни цврсто да стоиме за време на страшното уништување. Ние не сме оставени во темнина. Оние кои размислуваат и постапуваат во склад со упатствата кои ни ги дал Бог, ќе се очистат од секоја нечистотија и телесно и духовно. Тие ќе ја имаат на ум заповедта ‘бидете свети’, и тие ќе се залагаат да бидат свети во сите свои разговори и во животот...

Се приближуваме кон времето кога небесата ќе поминат со голема бучава, а елементите ќе се растопат од големата топлина, и мораме да побрзаме да отстапиме од секаква неправда, својата служба и повик да ги утврдиме. Ние сакаме ново Небо и нова Земја, каде што праведните ќе живеат низ сета вечност.“ – *The Signs of the Times, February 10, 1888.*

## 4. ВЛЕГУВАЊЕ ВО БОЖЈИОТ ГРАД

**а. На кој начин праведните ќе бидат заштитени во времето кога Бог ќе почне да ги излева Своите казни на земјата? Псалм 27:5; 91:4; Исаија 26:20.**

„Тешки времиња се пред нас; Божјите судови доаѓаат на нашиот свет. Народите на земјата ќе треперат. Ќе бидат неволји и тешкотии на сите страни; човечките срца ќе застануваат од страв. И што ќе правиме во тој ден? Иако земјата ќе се тресе како пијан човек, и ќе биде поместена од своето место како колиба, ако се надеваме на Бога, Тој ќе нѐ избави.“ – *Sons and Daughters of God, p. 354.*

„Божјото око, гледајќи низ вековите на човечката историја, било насочено токму на кризата која припадниците на Неговиот народ ќе мораат да ја поминат кога против нив ќе се здружат сите сили на овој свет. Слично на протераните изгнаници, тие ќе бидат во страв од смрт, глад и насилство. Но Светиот и Возвишениот, кој пред Израелците го разделил Црвеното Море, и сега ќе ја покаже својата моќна сила и на нивното ропство засекогаш ќе направи крај. ‘Мои ќе бидат, моја печалба - зборува Господ над Воинствата. Во Денот што го подготвувам ќе бидам милостив како што таткото му е милостив на синот, кој му служи.’ (Малахија 3:17).“ – *Големата борба, 634.*

„Пред да се појави Синот човечки на небесните облаци, сѐ во природата ќе биде протресено. Молњи од небото ќе се соединат со огнот кој ќе избувне од земјата и ќе предизвика планините да горат како вжарена печка, исфрлајќи од своите врвови море од лава врз селата и градовите. Растопените маси на така исфрлената лава, кога ќе дојдат во контакт со водата, ќе ги активираат елементите скриени во земјината утроба и ќе направат водата во мориња и океаните да зоврие како во лонец, исфрлајќи карпи и камења на земјата. Ќе дојде до силни земјотреси и масовно уништување на човечките животи. Но, како што за време на големиот потоп, Ное бил заштитен во ковчегот кој Бог го подготвил за него, така и во овие денови на уништување и пропаст Бог ќе биде прибежиште за своите верни. (Псалм 91:9,10; 27:5).“ – *Коментари на библиски текстови, 847.*

**б. Кои Божји особини можат да ни дадат сигурност во тоа време? 1. Тимотеј 1:17.**

**в. Како знаеме дека Бог секогаш ќе биде подготвен да им помогне на Своите следбеници? Псалм 121:4-8.**

## 5. НАШЕТО ПРИБЕЖИШТЕ ДЕНЕС

**а. Кои ветувања покажуваат дека Бог и денес е наше прибежиште? Повторени закони 33:27; Псалм 9:9.**

_____

_____

„Во Псалмите, Давид зборува за тоа дека Бог е прибежиште, тврд град, засолниште и тврдина; кон кое можеме да трчаме и да бидеме безбедни. Колку е драга таа мисла дека Бог е наше засолниште и дека Тој ќе биде наш помошник во секое време и на секое место, и дека во секоја тешка ситуација Бог е со нас. Тој вели дека ќе ги испрати Своите ангели да нѐ чуваат на сите наши патишта.“ – *Sermons and Talks, vol. 2, pp. 58, 59.*

**б. Како можеме да имаме доверба во Бога? Псалм 62:7,8; 46:1-3; 57:1.**

_____

_____

„Оној кој ќе ја предаде својата душа на Исуса не треба да се разочарува. Ние имаме семоќен Спасител.“ – *The Upward Look, p. 321*.

„Вистинската молитва ја активира духовната сила и влијае на животот. Оној кој на овој начин ги излева своите потреби пред Бога, ја чувствува празнината на сѐ друго под небото..

„Вашите молитви можат да се воздигнат со срдечност која не прифаќа одбивање. Тоа е вера.“ – *In Heavenly Places, p. 73.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што направил Бог за да ѝ стави крај на бедата на гревот на оваа земја? Како јас можам да го исполнам својот дел?**
2. **Каква ќе биде новата Земја? Какви ќе бидат нејзините жители?**
3. **Која двојна намена има огнот во поглед на овој стар свет?**
4. **Бидејќи сѐ во природата ќе биде исфрлено од својот колосек пред второто Христово доаѓање, што ќе се случи со Божјиот народ?**
5. **Во кои ситуации Бог ќе биде прибежиште и помош за Својот народ?**

# Дома со нашиот Избавител

**„Нема повеќе да се слуша за насилство во земјата твоја, ниту опустошување и разурнување - во пределите твои; и ѕидовите свои ќе ги нарекуваш спасение и портите свои - слава.“ – Исаија 60:18.**

*„Но доаѓа ден кога по долго водената борба ќе се задобие конечна победа. Божјата волја мора да биде на земјата исто како што е на небото. Тогаш ниеден народ нема да има друг закон освен небесниот. Сите ќе бидат едно среќно, обединето семејство, облечени во облеки на благодарност и слава - облеки на Христовата праведност.“ – 8. Сведоштво, 42.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: God’s Amazing Grace, 351-363.*

Недела 23. јуни

## 1. РАДОСТ ВО ИСКУШЕНИЈАТА

**а. Каков став Бог сака да имаме кога работите ќе тргнат наопаку? Авакум 3:17,18; Филипјаните 4:4.**

„Божјите деца можат да се радуваат во сè и во секое време. Верувајќи во мудрото Божјо провидение, вие можете да се радувате и кога ќе наидат неволји и тешкотии. Не морате да чекате на своите чувства на среќа или на избавување, туку со вера можете да се потпрете на ветувањата и да му упатите песма на благодарност на Бога.“ – *In Heavenly Places, p. 123.*

„Татковото присуство го опкружувало Христа и не му се случувало ништо, освен она што Неговата бескрајна љубов го допуштила за благослов на светот. Таму бил изворот на Неговата утеха, а тука е и за нас. Оној, Кој е исполнет во Христовиот Дух, престојува во Христа. Сé што ќе ни се случи, доаѓа од Спасителот, Кој нé опкружува со Своето присуство. Ништо не може да нé допре, освен со дозвола од Бога. Сите наши страдања и жалости, сите наши искушенија и невољи, сите наши таги и болки, сите наши прогонства и потреби, накусо, сé тоа е за наше добро. Сите искуства и околности се Божји работници што ни донесуваат добро.“ – *Здравје и среќа, 488,489.*

## 2. РАДОСТ ВО БОЖЈОТО ВОДСТВО

**а. Каков став имал Давид кога бил во неволја? Како Бог го избавил? Псалм 40:1-3,5.**

---

„Божествената милост нѐ опкружува секој час. Корисно би било за вас да испитувате како и од каде ви доаѓаат благословите секој ден. Овие драгоцени Божји благослови треба да будат благодарност во вас. Вие не можете да ги изброите Божјите благослови, постојаната љубов – љубезноста изразена кон вас, затоа што тие се толку бројни како освежувачките капки дожд. Облаците на милост се над вас и подготвени се да се излијат на вас. Ако го цените дарот на спасението, ќе почувствувате освежување секој час, како и заштитата и Исусовата љубов, ќе бидете водени по патеката на мирот.“ – *Messages to Young People, pp. 409, 410.*

„Додека ја набљудуваме убавината и раскошот на природата, нашите чувства се насочуваат кон Бога. Иако нашите души се исполнети со почит и нашиот дух е покорен, нашите души се окрепуваат кога ќе дојдат во контакт со Семоќниот преку Неговите чудесни дела. Заедницата со Бога преку понизна молитва ги развива и ги зајакнува умните и моралните способности, додека размислувањето за духовни работи ги зајакнува нашите духовни сили.“ – *The Youth's Instructor, July 13, 1893.*

**б. Што им дава Бог на оние кои ќе Го направат свое засолниште? Псалм 32:7.**

---

**в. Каква духовна покривка Бог им обезбедува на своите деца? Исаија 61:10; Еремија 23:6.**

---

„Господ Исус Христос подготвил покривка – облека на Својата праведност – со која Тој ќе ја покрие секоја верна покаена душа, која со вера ќе ја прими.“ – *The Upward Look, 378.*

„Ако постојано тежнееме да го следиме Исуса, нашата блажена надеж е дека ќе стоиме пред Божјиот престол без мана, порок или било што слично на тоа, целосни во Христа, облечени во Неговата праведност и совршенство.“ – *That I May Know Him, 361.*

## 3. РАДОСТ ВО ПОБЕДА

**а. Како Мојсеј и синовите Израилеви ја изразиле својата благодарност кон Бога за избавувањето кај Црвеното море? Излез 15:1,21.**

„Оваа песна и големото избавување на кое таа потсетува, остава впечаток кој никогаш нема да се избрише од сеќавањето на еврејскиот народ. Од поколение до поколение, таа оддекнувала од устата на пророците и пејачите во Израел, сведочејќи дека Господ е сила и избавување за оние кои веруваат во Него. Сепак, оваа песна не му припаѓа само на еврејскиот народ. Таа укажува на уништувањето на сите непријатели на правдата и на конечната победа на Божјиот Израел...

Ослободувајќи ги нашите души од ропството на гревот, Бог нѐ избавил пославно отколку што ги избавил Израелците кај Црвеното Море... Секојднвните благослови кои ги примаме од Божјата рака, и пред сѐ, Исусовата смрт која среќата и небото и рајот ни ја стави на дофат, треба да бидат тема за постојана благодарност.“ – *God’s Amazing Grace, 352.*

**б. Што Бог сака да направиме денес, кога Тој ни дава победа? Псалм 98:1; 146:2.**

„Ако сега почнеме да пееме песни на победа и благодарност, ние можеме да се подготвуваме да ја пееме песната на Мојсеј и на Јагнето кога ќе се сретнеме на стакленото море.“ –*The Upward Look, p. 306.*

**в. Која песна ќе ја пее посебната група на откупените на небото? Над што оваа група ќе задобие победа? Откровение 15:2-4; 14:1-5.**

„Тоа е песната на Мојсеј и Јагнето - песна на ослободувањето. Никој освен овие сто четириесет и четири илјади не може да ја научи оваа песна, зашто тоа е песна на нивното искуство, такво искуство какво што ниедна друга група никогаш немала.... Овие се кои дојдоа од големи неволји. Тие поминале низ време на неволја ‘какво што немало откако постојат луѓето’ (Даниел 12:1); го претрпеле стравот од времето на Јаковските маки, и во текот на излевањето на последните Божји казни над светот биле без Посредник. Меѓутоа, тие се ослободени, зашто ‘ги испраа своите облеки и ги избелија во крвта на Јагнето.’ – *Големата борба, 649.*

## 4. ДА ГО СЛАВИМЕ БОГА ЗА ИЗБАВУВАЊЕТО

**а. Која е една од неволјите од која Бог нѐ избавува? Псалм 34:4-7. На кој начин? 1. Јованово 4:18.**

„Господ честопати дозволува Неговиот народ да биде доведен во теснотија, за да може да се обрати кон Него, својот заштитник и избавител, како што детето ќе се сврти кон своите родители кога ќе се најде во неволја и страв. Не постојат докази дека Бог ќе се сврти против нас, затоа што сме погодени со неволји... Вистина е дека болката и смртта се последица на гревот. Но, Господ дозволува оние кои Тој ги љуби да паднат во искушенија, за да можат да ги научат драгоцените поуки за верата и довербата. Ако искушенијата се прифатат на вистински начин, ќе се покаже дека тие се од најголема вредност во нашето верско искуство. Бидејќи тие нѐ наведуваат уште поцврсто да се надеваме на Бога, ние подобро го запознаваме Неговиот карактер.

Кога Господ ќе одговори на нашите молитви, и ќе се покаже дека за нас е подобро да се потпреме на Него отколку да стравуваме, не треба да занемариме да ја изразиме нашата благодарност за Неговата милост. Како и еврејскиот народ, и ние треба да Го фалиме за Неговите славни дела. Тука мнозина пропуштаат да Го прослават Бога. Тие не зборуваат за Неговата добрина, обзнанувајќи им на сите околу нив дека Господ им е помошник во секое време на потреба.“ – *The Signs of the Times, March 10, 1881.*

**б. Кого Господ заштитува? Како ќе го заштити својот народ во последните денови? Псалм 33:18,19.**

„Од своите ресурси (Бог) може да постави маса во пустината. Со допирот на Својата рака Тој може да ги зголеми скудните резерви и да направи тоа да е доволни за сите.“ – *Conflict and Courage, p. 226.*

**в. Како Господ му обезбедува конечна победа на Својот народ? Исаија 25:8; 1. Коринтјаните 15:57,58.**

„Кога Христос ќе дојде по втор пат ‘да Му се восхитуваат сите оние што поверуваа’ (2. Солунјаните 1:10), смртта ќе биде победена и повеќе нема да има болест, ниту тага, ниту смрт!“ – *That I May Know Him, p. 362.*

## 5. РАДОСНИ ВО НАШИОТ НОВ ДОМ

**а. Каква иднина Бог му ветува на Својот народ? Исаија 32:18; Откровение 21:4.**

_____

„Таму се вечно жуборливите потоци, бистри како кристал, покрај кои лелеавите дрвја ги фрлаат своите пријатни сенки на патеките подготвени за Господовите откупеници. Таму, пространите рамнини постепено и благо прераснуваат во прекрасни брекчиња, а Божјите гори ги издигнуваат своите возвишени врвови. На овие тивки рамнини покрај тие потоци и реки со вечно живи води, Божјиот народ кој на овој свет толку долго бил само придојденик и патник во минување, најпосле ќе го најде својот дом.“ – *Големата борба, 675.*

**б. Што Бог ни ветува денес во подготовката за славната иднина? 1. Летописи 29:11.**

_____

„Кога неволјите ќе не опкружат како поплава и ни се заканувaат да нѐ преплаваат, ако наместо жалост, плач и очај, покрај молитвите за помош од Бога исто така би го славеле за многуте благослови – да Го славиме затоа што може да ни помогне – нашиот пат би Му бил многу поугоден, и попотполно би го виделе Неговото спасение.“ – *Life Sketches, p. 258.*

„Во нашите мисли секогаш мора да биде вечната стварност, и тогаш привлечностите на овој свет ќе ни изгледаат безвредни, какви што всушност се.“ – *That I May Know Him, p. 357.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како треба да гледам на искушенијата и тешкотиите кои ќе ме снајдат?**
2. **Како можам да растам и умно и духовно?**
3. **Какво значење за мене денес има песната на Мојсеј и Јагнето? За кого оваа песна ќе има посебно значајна во иднина?**
4. **На кој начин често пропуштаме да го прославиме Бога?**
5. **Што ќе откриеме додека го управуваме својот поглед на Христа и Неговата мисија да нѐ спаси?**

# *Април – 2019*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат сведоштва |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ***Понеделник*** | 1. Тим. 1:15-17. | 7. Свед., 33. | Пс. 102:15-18. |
| 2. | ***Вторник*** | 1. Тим. 2:1-5. | 7. Свед., 34. | Пс. 104:33-35. |
| 3. | ***Среда*** | Дела 16:9-12. | 7. Свед., 35. | Ис. 56:15,16. |
| 4. | ***Четврток*** | Дела 16:13-15. | 7. Свед., 36. | Ис. 58:5-7. |
| 5. | ***Петок*** | Дела 16:16-21. | Сонцето заоѓа во 19:02 | |
| 6. | ***Сабота*** | Псалм 16. | Сонцето заоѓа во 19:03 | |
| 7. | ***Недела*** | Дела 16:22-26. | 7. Свед., 37. | Ис. 58:8-11. |
| 8. | ***Понеделник*** | Дела 16:27-34. | 7. Свед., 38. | Ис. 59:1-4. |
| 9. | ***Вторник*** | Дела 16:35-39. | 7. Свед., 39. | Ис. 59:14-16. |
| 10. | ***Среда*** | Дела 17:1-7. | 7. Свед., 40. | Ис. 59:17-21. |
| 11. | ***Четврток*** | Дела 17:8-12. | 7. Свед., 41. | Езек. 7:25-27. |
| 12. | ***Петок*** | Дела 17:16-22. | Сонцето заоѓа во 19:10 | |
| 13. | ***Сабота*** | Псалм 17:1-8. | Сонцето заоѓа во 19:11 | |
| 14. | ***Недела*** | Дела 17-22-28. | 7. Свед., 42. | Ис. 61:1-3. |
| 15. | ***Понеделник*** | Дела 17:29-34. | 7. Свед., 43. | Ис. 61:5-7. |
| 16. | ***Вторник*** | Дела 18:1-4. | 7. Свед., 44. | Ис. 61:9-11. |
| 17. | ***Среда*** | Дела 18:5-8 | 7. Свед., 45. | Ис. 62:1-4. |
| 18. | ***Четврток*** | Дела 18:9-11. | 7. Свед., 46. | Ис. 63:1-4. |
| 19. | ***Петок*** | Дела 18:12-16. | Сонцето заоѓа во 19:18 | |
| 20. | ***Сабота*** | Псалм 18:1-6. | Сонцето заоѓа во 19:19 | |
| 21. | ***Недела*** | Дела 18:24-28. | 7. Свед., 47. | Ис. 63:5-8. |
| 22. | ***Понеделник*** | Дела 19:1-7. | 7. Свед., 48. | Ис. 63:9-13. |
| 23. | ***Вторник*** | Дела 19:8-12. | 7. Свед., 49. | Ис. 63:14-17. |
| 24. | ***Среда*** | Дела 19:17-20. | 7. Свед., 50. | Ис. 64:1-4. |
| 25. | ***Четврток*** | Дела 19:23-28. | 7. Свед., 51. | Ис. 65:8,9. |
| 26. | ***Петок*** | Дела 19:29-34. | Сонцето заоѓа во 19:26 | |
| 27. | ***Сабота*** | Псалм 18:23-32. | Сонцето заоѓа во 19:27 | |
| 28. | ***Недела*** | Дела 19:35-40. | 7. Свед., 52. | Ис. 65:16-18. |
| 29. | ***Понеделник*** | Дела 20:7-11. | 7. Свед., 53. | Ис. 65:21-25. |
| 30. | ***Вторник*** | Дела 20:19-23. | 7. Свед., 54. | Ис. 66:1,2. |

# *Maj – 2019*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат сведоштва |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ***Среда*** | 1. Тим. 3:14-16. | 7. Свед., 55. | Пс. 118:1-8. |
| 2. | ***Четврток*** | 1. Тим. 4:8-12. | 7. Свед., 56. | Ер. 1:1-5. |
| 3. | ***Петок*** | Дела 21:8-14. | Сонцето заоѓа во 19:33 | |
| 4. | ***Сабота*** | Псалм 19:1-7. | Сонцето заоѓа во 19:34 | |
| 5. | ***Недела*** | Дела 21:17-21. | 7. Свед., 57. | Ер. 1:6-10. |
| 6. | ***Понеделник*** | Дела 21:22-26. | 7. Свед., 58. | Ер. 1:17-19. |
| 7. | ***Вторник*** | Дела 21:27-30. | 7. Свед., 59. | Ер. 2:2,3. |
| 8. | ***Среда*** | Дела 21:31-36. | 7. Свед., 60. | Ер. 2:5-7. |
| 9. | ***Четврток*** | Дела 21:37-40. | 7. Свед., 61. | Ер. 3:12-14. |
| 10. | ***Петок*** | Дела 22:1-5. | Сонцето заоѓа во 19:41 | |
| 11. | ***Сабота*** | Псалм 19:8-14. | Сонцето заоѓа во 19:42 | |
| 12. | ***Недела*** | Дела 22:6-10. | 7. Свед., 62. | Ер. 3:17-19. |
| 13. | ***Понеделник*** | Дела 22:11-16. | 7. Свед., 63. | Ер. 3:22-25. |
| 14. | ***Вторник*** | Дела 22-17-21. | 7. Свед., 64. | Ер. 4:1-4. |
| 15. | ***Среда*** | Дела 22:22-25. | 7. Свед., 65. | Ер. 4:5,6. |
| 16. | ***Четврток*** | Дела 22:26-30. | 7. Свед., 66. | Ер. 4:23-26. |
| 17. | ***Петок*** | Дела 23:1-5 | Сонцето заоѓа во 19:48 | |
| 18. | ***Сабота*** | Псалм 20. | Сонцето заоѓа во 19:49 | |
| 19. | ***Недела*** | Дела 23:6-9. | 7. Свед., 67. | Ер. 5:1-4. |
| 20. | ***Понеделник*** | Дела 23:10-14. | 7. Свед., 68. | Ер. 5:14,15. |
| 21. | ***Вторник*** | Дела 23:15-21. | 7. Свед., 69. | Ер. 5:17-21. |
| 22. | ***Среда*** | Дела 23:22-27. | 7. Свед., 70. | Ер. 5:22-24. |
| 23. | ***Четврток*** | Дела 23:28-35. | 7. Свед., 71. | Ер. 6:9-12. |
| 24. | ***Петок*** | Дела 24:1-5. | Сонцето заоѓа во 19:55 | |
| 25. | ***Сабота*** | Псалм 22:1-10. | Сонцето заоѓа во 19:56 | |
| 26. | ***Недела*** | Дела 24:6-10. | 7. Свед., 72. | Ер. 6:13-17. |
| 27. | ***Понеделник*** | Дела 24:11-16. | 7. Свед., 73. | Ер. 6:18,19. |
| 28. | ***Вторник*** | Дела 24:17-22. | 7. Свед., 74. | Ер. 7:1-4. |
| 29. | ***Среда*** | Дела 24:23-27. | 7. Свед., 75. | Ер. 7:5-7. |
| 30. | ***Четврток*** | Дела 25:1-6. | 7. Свед., 76. | Ер. 7:8-13. |
| 31. | ***Петок*** | Псалм 22:16-25. | Сонцето заоѓа во 20:01 | |

# *Јуни – 2019*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат сведоштва |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ***Сабота*** | Рим. 1:8-12. | Сонцето заоѓа во 20:02 | |
| 2. | ***Недела*** | 1. Тим. 5:20-25. | 7. Свед., 77. | Пс. 119:1-6. |
| 3. | ***Понеделник*** | 1. Тим. 6:8-12. | 7. Свед., 78. | Пс. 119:14-18. |
| 4. | ***Вторник*** | Дела 25:20-22. | 7. Свед., 79. | Ер. 7:28-30. |
| 5. | ***Среда*** | Дела 25:23-27. | 7. Свед., 80. | Ер. 7:31-34. |
| 6. | ***Четврток*** | Дела 26:1-5. | 7. Свед., 81. | Ер. 8:1-3. |
| 7. | ***Петок*** | Дела 26:6-10. | Сонцето заоѓа во 20:06 | |
| 8. | ***Сабота*** | Псалм 23. | Сонцето заоѓа во 20:07 | |
| 9. | ***Недела*** | Дела 26:11-18. | 7. Свед., 82. | Ер. 8:19-22. |
| 10. | ***Понеделник*** | Дела 26:19-23. | 7. Свед., 83. | Ер. 9:1-3. |
| 11. | ***Вторник*** | Дела 26:24-27. | 7. Свед., 84. | Ер. 9:4-9. |
| 12. | ***Среда*** | Дела 26:28-32. | 7. Свед., 85. | Ер. 9:12-14. |
| 13. | ***Четврток*** | Дела 27:1-6. | 7. Свед., 86. | Ер. 9:22-24. |
| 14. | ***Петок*** | Дела 27-7-11. | Сонцето заоѓа во 20:10 | |
| 15. | ***Сабота*** | Псалм 24. | Сонцето заоѓа во 20:10 | |
| 16. | ***Недела*** | Дела 27:12-17. | 7. Свед., 87. | Ер. 10:10-12. |
| 17. | ***Понеделник*** | Дела 27:18-22. | 7. Свед., 88. | Ер. 10:13-16. |
| 18. | ***Вторник*** | Дела 27:23-29. | 7. Свед., 89. | Ер. 10:23-25. |
| 19. | ***Среда*** | Дела 27:30-34. | 7. Свед., 90. | Ер. 11:1-5. |
| 20. | ***Четврток*** | Дела 27:35-40. | 7. Свед., 91. | Ер. 11:11-14. |
| 21. | ***Петок*** | Дела 27:41-44. | Сонцето заоѓа во 20:12 | |
| 22. | ***Сабота*** | Псалм 25:1-6. | Сонцето заоѓа во 20:12 | |
| 23. | ***Недела*** | Дела 28:1-6. | 7. Свед., 92. | Ер. 12:1-3. |
| 24. | ***Понеделник*** | Дела 28:7-10. | 7. Свед., 93. | Ер. 7:4-6. |
| 25. | ***Вторник*** | Дела 28:11-15. | 7. Свед., 94. | Ер. 7:20-23. |
| 26. | ***Среда*** | Дела 28:16-20. | 7. Свед., 95. | Ер. 7:8,9. |
| 27. | ***Четврток*** | Дела 28:21-23. | 7. Свед., 96. | Ер. 7:11-14. |
| 28. | ***Петок*** | Дела 28:24-31. | Сонцето заоѓа во 20:13 | |
| 29. | ***Сабота*** | Псалм 25:12-18. | Сонцето заоѓа во 20:13 | |
| 30. | ***Недела*** | Рим. 1:13-17. | 7. Свед., 97. | Ер. 15:1-4. |

# Доброволен дар во првата сабота

**6. април**
Доброволен прилог во првата сабота за Воспитниот центар на Генералната Конференција
(страна 4)

**4. мај**
Доброволен прилог во првата сабота за црквата во Бутан
(страна 25)

**1. јуни**
Доброволен прилог во првата сабота за централата во Костарика
(страна 46)